Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-232/3
10.05 2024 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА 2023 ГОДИНА

ОД РАБОТЕЊЕТО НА
НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА
ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ

Скопје, Април 2024 година

ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 ГОДИНА

ОД РАБОТЕЊЕТО НА
НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА
ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ

Скопје, Април 2024 година

Почитувани,

Пред Вас се наоѓа Годишниот Извештај од работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг- Скопје за 2023 година. Денови поминати во унапредување на работата, пресликани во страници кои сведочат за спроведените секојдневни обврски, предизвици и успеси со кои се соочуваше јавното претпријатие.
На сите Вас заинтересирани граѓани, кои имате желба или потреба да ја следите нашата работа, чувствуваме обврска да Ви го претставиме извештајот од нашето работење како една алатка на отчетност и транспаретнтност на едно демократско општество[1].

Во Годишниот Извештај ќе најдете основни податоци и информации за претпријатието. Податоци кои се однесуваат на составот и структурата на вработените по основ на разни параметри и промени. Едно поглавие е посветено на паркинг површините со кои стопанисува претпријатието, друго на секторот кој со специјалните возила Пајак работи на отстранување возила од јавни површини. Тука се и извештаите за целокупното финансиско работење изминатата година, финансискиот резултат: билансот на успех и биланс на состојба.

Поминавме една година исполнета со многу предизвици. Пред нас е нова година во која фокусирано продолжуваме со работа на исполнување на нашата цел, која како јавно претпријатие кое е формирано во корист и служба на граѓаните, е подобрување не само на сообраќајот во мирување туку на целокупниот квалитет на живот на граѓаните.

На Вас останува да ја следите нашата работа и да ни укажувате на Вашите потреби и проблеми. Успехот е заеднички.

[1] Со разни активности за јакнење на транспарентноста и односи со јавноста, претпријатието се труди преку разни канали на комуникација да се доближи до широката јавност, (вклучително и преку присуство на социјалните мрежи). Особено внимание се посветува на унапредување на комуникацијата преку средствата за јавно информирање, настојувајќи да ја доближиме нашата работа, да овозможиме подобар увид во услугите кои ги продуцираме со цел да се постигне подобра и точна информираност на граѓаните и јавноста за кои како јавно претпријатие сме формирани.

Искажуваме благодарност и до нашиот Основач- Град Скопје кој во секој чекор не следеше и подржуваше.
Овој период на завршување една и започнување нова календарска година, пракса е да се резимира работата од изминатата година, да се забележат клучните настани кои ја одбележале поминатата година. Преку овој извештај, со помош на сите сектори и вешта методологија, Ви ја претставуваме нашата работа.

Податоците обработени во Годишниот Извештај ќе дадат насока за понатамошниот пат и развој на ова Јавно Претпријатие. Веруваме дека преку работа на планираните проекти, со одредени промени, унапредувања и новини ќе успееме да направиме неколку чекори до европското сообраќајно семејство и култура (фуснота).

Како општествено одговорна јавна институција формирана од Град Скопје, создадена со цел да пристапува кон уредување на сообраќајот во мирување на ниво на главен град, се дава максимален придонес кон закрепнување од хаосот настанат како последица на сообраќајната неписменост и глобалната економска криза.

Директор,
М- р. Михаил Петровски

# 1. ВОВЕД

## 1.1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот: | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг- Скопје |
| Скратен назив: | ЈП Градски Паркинг- Скопје |
| Седиште на субјектот: | ул. „Македонија“ бр. 11а |
| ЕДБ на субјектот: | МК 4030003493220 |
| Идентификационен број: | 5808855 |

Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг- Скопје е основано со Одлука на Совет на Град Скопје број 09-3080/1 од 20.10.2003 година; запишано во Трговски регистар при Основен Суд Скопје 1 во Скопје под трговски број 4500/03 од 13.11.2003 година.

Основач и сопственик на ЈП Градски Паркинг е Град Скопје со седиште на бул. „Илинден“ број 82. Јавното претппријатие ги има сите права и обврски кои произлегуваат од Закон и другите прописи.

Согласно потребата од усогласување со законските прописи, со цел да се овозможи поефикасно, поекономично работење и понатамошно опстојување на Претпријатието, Управниот Одбор на седница одржана на ден 07.07.2006 година со Одлука број 02-592/2 има донесено Статут на Претпријатието. Стаутот на ЈП Градски паркинг- Скопје повеќе пати е изменет и дополнет:

- „Статутарна Одлука за изменување на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје“ со арх. бр. 02-992/4 од 17.11.2006 година;
- „Статутарна Одлука за изменување на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје“ арх. бр. 02-1279/3 од 25.12.2008 година;

- „Одлука за измена на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје“ со арх. бр. 02-892/5 од 25.11.2011 година;
- „Одлука за измена на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје“ арх. бр.02-109/8 од 13.02.2013 година;
- „Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје“ арх. бр. 02-445/4 од 03.09.2013 година;
- „Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје“ арх. бр. 02-520/10 од 29.12.2016 година;
- „Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје“ арх. бр. 02-211/7 од 23.04.2019 година и
- „Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје“ арх. бр. 02-714/3 од 25.10.2022 година.

Со Статутот на ЈП Градски Паркинг- Скопје поблиску се уредува организацијата и начинот на вршење на дејноста, управувањето и раководењето, општите акти и постапката за нивно донесување како и други прашања од значење за вршење на дејноста и работата.

## *1.2 ДЕЈНОСТ*

Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг– Скопје е правно лице кое врши дејност од јавен интерес од областа на сообраќајот како стопанска дејност од јавен интерес за градот Скопје.

Претежна дејност на Претпријатието е под шифра:

**52.21** Други придружни активности во копнениот сообраќај

- активност врзана за копнен превоз на патници, животни или стоки,
- работа на станични објекти како што се железнишки станици, станици за ракување со стоки,
- тековно одржување и помали поправки на возниот парк,
- работа на патишта, мостови, тунели, паркиралишта или гаражи, паркиралишта за велосипеди,
- чување на станбени приколки во зима,
- отстранување на непрописно паркирани возила,
- остранување на хаварисани возила од јавните површини.

Покрај претежната дејност, Претпријатието обавува и други дејности, и тоа:

**96.01** Перење и хемиско чистење на текстилни и крзнени предмети,

**96.09** Останати лични услужни дејности неспомнати на друго место,

**82.99** Останати деловни помошни услужни дејности неспомнати на друго место,

**68.20** Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг) и

**45.20** Одржување и поправка на моторни возила.

ЈП Градски Паркинг– Скопје во правниот промет и односите со трети лица настапува во свое име и за своја сметка, единствено во рамки на дејноста која е запишана во регистарот. Овластено лице кое го застапува претпријатието е Директор. За обврските кон трети лица, превземени во свое име и за своја сметка, Претпријатието одговара со целиот свој имот.

Средствата за вршење на дејноста се обезбедуваат од:

- Приходи кои ги остварува Претпријатието,
- Буџет на Град Скопје,
- Кредитни средства и други извори на средства во согласност со Закон и
- Донации.

Своето работење и развој, Претпријатието го темели врз Програмата на инвестиции за која согласност дава Совет на Град Скопје.

Платниот промет го извршува преку повеќе банки, со следните жиро сметки:

- 300000001800259 Комерцијална Банка
- 300000002923422 Комерцијална Банка
- 300000002923519 Комерцијална Банка
- 300000002923616 Комерцијална Банка
- 300000002923713 Комерцијална Банка
- 300000004892134 Комерцијална Банка
- 210058088550178 НЛБ Банка
- 280108101592254 Силк Роуд Банка
- 320100002538006 Централна Кооперативна Банка
- 500000001412638 Стопанска Банка Битола
- 270058088550185 Халк Банка

## *1.3 ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ*

ЈП Градски Паркинг- Скопје во вршење на дејност од јавен интерес е организирано на начин кој обезбедува единственост, ефикасност и максимален успех во процесот на работење.

Претпријатието дејствува во рамки на организациони единици, според однапред определен План и Програма.

Дејноста на Претпријатието е организирана во рамки на Сектори:

- Сектор канцеларија на Директор,
- Сектор Јавни паркиралишта,
- Сектор Пајак,
- Сектор за финансии и сметководствени работи ,
- Сектор за правни и административно- општи работи и
- Сектор за комерција и маркетинг.

Надвор од секторите функционираат самостојни одделенија:

- Оддление за внатрешна ревизија и контрола,
- Одделение за човечки ресурси и
- Одделение за јавни набавки.

Со исклучок на Одделението за внатрешна ревизија и контрола, Одделение за човечки ресурси и Одделение за јавни набавки кои делуваат самостојно**,** има и одделенија кои функционираат во рамки на сектори, на пример во склоп на Сектор Јавни паркиралишта се: Одделение за односи со корисници, Одделение катни гаражи, Одделение јавни паркиралишта и Одделение за одржување и изнајмување; Сектор Пајак има две одделенија- Одделение за одржување на возниот парк и Одделение пајак служба итн. (структурната поставеност на секторите и одделенијата ја прикажуваме во органограмот кој следува).




Внатрешната организациска поставеност на Претпријатието подетално се уредува со акт „Правилник за организација на Претпријатието“.

Органи на управување на Претпријатието се:

- Управен Одбор,
- Директор и
- Надзорен Одбор за контрола на материјално- финансиското работење.

**Управен Одбор** е орган на управување на Претпријатието кој го именува Совет на Град Скопје со Решение за именување членови на Управен Одбор. Мандатот на членовите на Управниот Одбор не може да биде подолг од 4 (четири) години. Управниот Одбор во ЈП Градски Паркинг- Скопје во 2023 година брои 12 (дванаесет) члена. Претседател на Одборот се одбира помеѓу членовите, на седница. Претседателот на Управниот Одбор ги свикува и раководи со седниците, ги потпишува актите, се грижи за спроведување на актите и врши и други работи утврдени со Деловникот за работа на Управниот Одбор. Одговорноста на

Управниот Одбор се утврдува согласно одредбите од Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување.

Членови во состав на Управниот Одбор на Претпријатието во текот на 2023 година се именувани согласно Одлука за именување членови на Управниот Одбор на ЈП Градски Паркинг- Скопје од 29.12.2021 година:

1. Игор Кралевски- Претседател
2. Татјана Петрушевска
3. Антонио Тошев
4. Александар Шулев
5. Зоран Стојановски
6. Марјан Спасески
7. Мими Шулева Петков
8. Ванчо Спасески
9. Мартин Јовчевски
10. Арбеса Абази
11. Армине Мемеши
12. Филип Ивановски

**Надзорен Одбор** за контрола на материјално- финансиско работење е орган кој врши контрола на материјалното и финансиско работење на Претпријатието. Го именува односно, разрешува Совет на Град Скопје со Решение за именување односно, разрешување членови на Надзорен Одбор. Времетраењето на мандатот на членовите не може да биде подолг од 4 (четири) години. Надзорниот Одбор за материјално- финансиска контрола во ЈП Градски Паркинг- Скопје брои 5 (пет) члена од кои еден се избира за Претседател. Одговорноста на членовите на Надзорниот Одбор се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување. Надзорниот Одбор задолжително се состанува најмалку 4 (четири) пати во годината. За резултатите од извршените контроли, Надзорниот Одбор го известува Управниот Одбор, Советот на Град Скопје, Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски, како надлежно Министерство.

Со Одлука на Совет на Град Скопје, донесена на ден 29.12.2021 година за членови во состав на Надзорниот Одбор на Претпријатието, именувани се:

1. Соња Ѓелевска Шетловска- Претседател
2. Ирена Тодоровска
3. Анета Анетевска Јордановска
4. Стрезо Јовановски
5. Зулфи Шакири

**Директор** е орган на раководење на Претпријатието кој го именува односно, разрешува Градоначалник на Град Скопје врз основа на Јавен оглас. Мандатот на Директор трае 4 (четири) години. Правата и должностите на Директор на Претпријатието поблиску се дефинирани во Статутот на Јавното претпријатие. За резултатите од своето работење, Директорот е одговорен пред Градоначалник на Град Скопје. Одговорноста на Директорот се утврдува согласно одредбите од Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување. Директорот може да определи вработен во Претпријатието кој би го заменувал во негово отсуство или спреченост при вршење на функцијата, со права и обврски за кои ќе го овласти Директорот, согласно Закон и Статут на Јавното претпријатие.

# 2. ВРАБОТЕНИ

Бројот на редовно вработени во ЈП Градски Паркинг- Скопје на ден 31.12.2023 година, согласно кадровската евиденција, изнесува 248 (двесте четириесет и осум) лица вработени со Договор на неопределено време и 29 (дваесет и девет) лица вработени преку Агенција за вработување со Договор на определено време.

## *2.1 БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ*

| *СОСТОЈБА НА ДЕН* | *ДОГОВОР НА НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ* | *АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ДОГОВОР НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ* |
|---|---|---|
| Состојба на 31.12.2021 година | 269 | 17 |
| Состојба на 31.12.2022 година | 244 | 36 |
| +/- | +3 | -7 |
| **Состојба на 31.12.2023 година** | **248** | **29** |

Најголем дел од вработените се ангажирани во Сектор Јавни паркиралишта, вкупно 190 (сто и девеесет) лица. Сектор Пајак во текот на 2023 година функционираше со вкупно 43 (четириесет и три) вработени; Сектор за правни и административно- општи работи со 9 (девет) вработени лица; Сектор за финансии функционираше со 10 (десет) вработени, Одделението за јавни набавки има 1 (едно) ангажирано лице и Сектор за комерција и маркетинг работеше со 11 (единаесет) вработени.

Во Сектор Канцеларија на Директор, Кабинет на Директор беа ангажирани вкупно 10 (десет) вработени лица со Договор на неопределено и Договор на определено време, преку Агенција за привремени вработувања. Одделението за внатрешна контрола и ревизија во текот на 2023 година обврските ги извршуваше со вкупно 5 (пет) вработени и Одделението за човечки ресурси функционираше со двајца вработени.

### *ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ВРАБОТЕНИ ПО СЕКТОРИ И ОДДЕЛЕНИЈА*

| *СЕКТОР/ ОДДЕЛЕНИЕ* | *ДОГОВОР НА НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ* | *АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ДОГОВОР НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ* |
|---|---|---|
| Кабинет на Директор | 8 | / |
| Сектор Канцеларија на Директор | 2 | / |
| Одделение за внатрешна контрола и ревизија | 5 | / |
| Одделение за човечки ресурси | 2 | / |
| Одделение за јавни набавки | 1 | / |
| Сектор Јавни паркиралишта | 2 | / |
| Одделение Јавни паркиралишта | 126 | 16 |
| Одделение за односи со корисници | 28 | / |
| Одделение за катни гаражи | 4 | / |
| Одделение за одржување и изнајмување | 7 | 3 |
| Сектор Пајак | 35 | 8 |
| Сектор за правни и административно- општи работи | 7 | 2 |
| Сектор за финансии | 10 | / |
| Сектор комерција и маркетинг | 11 | / |
| *ВКУПНО:* | **248** | **29** |
| *СЕВКУПНО:* | **277** | |

Следуваат податоци за етничката и образовна структура на вработените, прикажана табеларно.

## 2.2.1. ЕТНИЧКА СТРУКТУРА

| *ГОДИНА* | *МАКЕДОНЦИ* | *АЛБАНЦИ* | *РОМИ* | *СРБИ* | *БОШЊАЦИ* | *ВЛАСИ* | *ТУРЦИ* | *ХРВАТИ* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 5 | 6 | 7 | 8 | 4 | 9 |
| ***2022*** | 189 | 41 | 1 | 6 | 3 | 3 | / | 1 |
| ***2023*** | 191 | 42 | 2 | 6 | 3 | 3 | / | 1 |

## 2.2.2. ОБРАЗОВНА/ КВАЛИФИКАЦИСКА СТРУКТУРА

| *ОБРАЗОВАНИЕ* | *ОСНОВНО* | *СРЕДНО* | *ВИШО* | *ВИСОКО* | *ПОСТДИПЛОМСКО* | *ВКУПНО:* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***2022*** | 5 | 187 | 1 | 43 | 8 | 244 |
| ***2023*** | 5 | 188 | 1 | 46 | 8 | 248 |

# 3. СОСТОЈБА СО ПАРКИНГ ПОВРШИНИ И БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА

Во делот на организирање на сообраќајот во мирување и оспособување паркинг места во рамки на градот Скопје, Јавното Претпријатие за јавни паркиралишта Градски паркинг- Скопје заклучно месец Декември 2023 година за потребите на граѓаните има ставено во употреба **10 445 паркинг места** од кои:

- **1983** паркинг места на т.н. „затворени“ јавни паркиралишта, каде начинот на работа е организиран со помош на паркинг систем кој употребува електронска наплатна рампа при контрола на влезно- излезните партии,
- **7412** паркинг места на јавните површини наменети за паркирање, каде паркирањето е зонски организирано, и
- **1050** паркинг места се ставени во употреба на начин каде уредувањето и организирањето на сообраќајот во мирување е изведено преку- паркирање во катна гаража.

*ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ*



### *3.1. ИСТОРИСКИ ОСВРТ НА ПРОМЕНИТЕ ВО БРОЈОТ НА ПАРКИНГ МЕСТА И ПОВРШИНИ, ОД 2013 ДО 2023 ГОДИНА*

Бројот на паркинг места кои Претпријатието ги уредува и организира за работа, ставајќи ги во употреба за потребите на граѓаните на главниот град, е **променлив**. Намалувањето на бројот на паркинг површини и паркинг места не зависи од работењето на јавното претпријатие. Сообраќајните проекти за кои Град Скопје има доделено Решение за уредување на сообраќајот во мирување се од времен карактер. Оттука, паркиралиштата кои му се доделени за стопанисување на јавното претпријатие се со определен рок/ време. При спроведување или менување на урбанистичките планови (ДУП односно, ГУП) се менува и организацијата на сообраќајот во мирување при што се менуваат сообраќајните проекти, Решението за уредување на сообраќајот во мирување, на крај и бројот на паркинг површини и паркинг места во градот.

Во оваа смисла, во рамки на 2022 година е подзона А05[2] на која во голем дел се намали бројот на паркинг места заради спроведување градежни работи а поради изградба на објект со намена. Оваа субзона која се простира на ул. „Орце Николов“ мал ринг во 2021 година заради локацијата од црвена зона влезе во новоформираната нулта зона, согласно Одлука на Управен Одбор на Претпријатието.

Во иста смисла, во 2021 година, е подзона Ц11 која на услуга на граѓаните овозможуваше паркирање на 112 места. Согласно Известување[3] од Основачот- Град Скопје, Претпријатието се повлече од оваа субзона и со истата повеќе не стопанисува.

Во рамки на 2023 година за прв пат е **воведено зонско паркирање на територија на Општина Карпош**. Отворена е првата **подзона Д42** со пристап од ул. „Орце Николов“ во непосредна близина на МиДа Моторс. Оваа подзона на располагање на станарите стави 77 паркинг места и дополнителни две паркинг места за лица со попреченост. Во план е оваа подзона да се прошири во рамки на Карпош 1 и Карпош 2 а сè со цел да се задоволат потребите од организирано уредување на сообраќајот во мирување или паркирање на станарите на Општина Карпош.

[2] Согласно Известување за дислокација со наш приемен арх. бр. 03- 774/1 од 30.11.2022 година.
[3] Известување со арх.бр. 15- 12/702 од 25.01.2022 година каде стои дека согласно Барање на Општина Центар е донесено ново Решение за утврдување на режим на сообраќај за дел од ул. „Орце Николов“ од крстосница со бул. „Св. Климент Охридски“ до крстосница со ул. „Франклин Рузвелт“ со арх. бр. 15-4977/4 од 16.10.2020 година.

Во 2023 година, месец Ноември, извршено е **проширување** на **подзона Д9** во рамки на Општина Аеродром, зона Д, која се протега на потегот спроти Окта и старата бензинска на Макпетрол и потегот од Поликлиника „Јане Сандански" и булевар „Јане Сандански", со нови 470 паркинг места и 12 паркинг места за лица со попреченост. Со ова проширување, подзона Д9 стави на располагање на граѓаните вкупно 892 места наменети за паркирање од кои 25 места за лицата со попреченост.

Оваа година, исто месец Ноември, спроведено е **проширување** во Општина Центар на портокаловата нулта зона, **под зона А05** на локација наспроти МЕПСО, со 25 нови паркинг места од кои 1 паркинг место за лица со попреченост.

Во текот на 2022 година на подзона Ц80 (со пристап кон ЗОО) се постави дополнителна хоризонтална сообраќајна сигнализација и покрај постоечките 99 места наменети за паркирање беа обележани дополнителни 24 паркинг места.

Во 2022 година се поставуваше хоризонтална сообраќајна сигнализација односно, се бележеа паркинг места за лица со попреченост на подзоната во рамки на Водно, подзона А0. Комплетно нова хоризонтална сообраќајна сигнализација или бележење со бела и жолта боја на паркинг местата се спроведе и на јавното паркиралиште од затворен тип „Зоил“.

Во 2021 година беше ставена во употреба нова подзона во склоп на Општина Аеродром- Д9 (ДУП „Црква“), зона која согласно сообраќајниот проект треба да обезбеди 987 паркинг места но, бележењето места наменети за паркирање на оваа подзона се спроведува етапно. Најпрвин, во 2021 година се уредија 259 паркинг места и осум (8) места за паркирање на лица со попреченост; 2022 година се обележаа 138 паркинг места за патнички моторни возила и 5 паркинг места за лица со попреченост. Со проширувањето во 2023 година, кога се обележаа дополнителни 482 места за паркирање (од кои 12 за лица со попреченост), оваа подзона овозможи паркинг места за 892 моторни возила.

Во 2020 година, во услови кога започна да владее пандемијата ковид 19 во светски рамки, претпријатието не беше насочено кон уредување нови паркинг површини. Својот интерес јавното претпријатие го имаше насочено кон одржување на веќе постоечките јавни паркиралишта и површини наменети за паркирање. Иако нови јавни паркиралишта или зони не беа отворени, се работеше на проширување и реновирање на веќе постоечките.

Во оваа смисла, 2020 година зголемен е бројот на паркинг места:

- ✓ на подзона Д62 уредени се дополнителни 123 паркинг места,
- ✓ потоа, подзона А01 каде се изведени дополнителни 13 паркинг места, и
- ✓ на јавното паркиралиште во склоп на Клинички Центар Мајка Тереза, јавното претпријатие оваа година обезбеди дополнителни- 261 паркинг место.

Во текот на 2019 година се оспособени две нови субзони Б10 и Д2[4] кои овозможија паркирање на дополнителни 804 патнички моторни возила со што Претпријатието го зголеми бројот на организиран сообраќај во мирување на 35 јавни површини наменети за паркирање- зони.

Во 2018 година кај јавните површини наменети за паркирање или популарно наречено зонско паркирање беше формирана нова зона- портокалова нулта 0 зона. Согласно Одлуката за формирање нова зона (донесена на седница на Управен Одбор) посочено е дека во неа влегуваат „оние јавни површини за кои ќе се утврди дека имаат најголема фреквенција на возила и потреба од дополнително регулирање на сообраќајот во мирување- паркирањето“ (во Одлуката од Управниот Одбор е наложено од страна на Претпријатието да се формира Комисија која ќе утврдува кои паркиралишта ќе влезат во оваа зона).

Оваа година во новоформираната нулта зона влегоа две подзони А0[5] и А06[6] со кои се ставија на располагање на граѓаните 243 паркинг места. Услугата кај субзоните кои влегуваат во склоп на новата портокалова зона изнесуваше 100 денари за првиот час паркирање и 50 денари за секој нареден час. Во 2022 година е извршено намалување на цената за прв час паркирање на износ од 75,00 денари. Работното време на подзона А0, поради локацијата- Средно Водно, е организирано за време на викендите и државните

[4] Двете новоуредени подзони започнаа со работа на 01 Јуни 2019 година:
- ✓ зона Б10 се наоѓа во непосредна околина на административните згради на ЈП Водовод и канализација- Скопје и Царинската Управа. Опфаќа дел од улиците Новопроектирана, Лазар Личеновски и Загребачка и нуди 24 паркинг места;
- ✓ зона Д2 е во рамки на Општина Аеродром, во непосредна околина на ТЦ Три Бисери. Оваа субзона обезбедува дополнителни 780 места наменети за паркирање.

[5] зона А0 е лоцирана на Средно Водно, нуди 154 паркинг места и е без временско ограничување при паркирањето.

[6] зона А06 се наоѓа на улица Максим Горки (мал ринг), нуди 89 паркинг места и е со временско ограничување при паркирањето од 2 часа.

празници кога фреквентноста на возила е поголема и кога има зголемена потреба од контрола на сообраќајот во мирување.

Во рамки на 2016 година до Декември 2017 година нема промени во бројот на паркинг површини со кои стопанисува претпријатието. За сето времетраење на овој период бројот на паркинг места останува непроменет и изнесува 8015.

Бројот на паркинг места кај „затворените" јавни паркиралишта во 2015 наспроти 2014 година покажува дека нивниот број е непроменет.

Бројот на паркинг места кај јавните површини наменети за паркирање или зонско паркирање во 2015 наспроти 2014 година се разликува за 50 паркинг места помалку во 2015 година како резултат на следните настани:

- Во месец Април 2015 година отворена е зона Д1 со капацитет од 31 паркинг место. Зоната се наоѓа на бул. АСНОМ во близина на Хотел Русија со површина од 1330 м$^2$.
- Комплетно се затвори зона А7 чиј капацитетот, најпрвин, во 2013 година изнесуваше 55 паркинг места по што бројот се намали на 19 паркинг места во текот на 2014 година за да 2015 година комплетно се затвори заради изградба на Плоштад ВМРО.
- Заради одвивање на градежни работи во непосредна близина на Црква Св. Богородица на ул. „Кеј Димитар Влахов" имаме намалување на капацитетот на зона Ц46 за 62 паркинг места.

Во 2014 година бројот на паркинг места кај „затворените" јавни паркиралишта останува непроменет во споредба со 2013 година односно, вкупен број на паркинг места на јавните паркиралишта со кои стопанисува ЈП Градски Паркинг- Скопје изнесува 1691.

Бројот на паркинг места кај јавните површини е променет, отворена е нова зона Д8, додека на зоните Б2 и Ц33 бројот на паркинг места е намален за околу 20 места заради вршење на градежни работи.

Во текот на 2013 година, месец Октомври, јавното претпријатие започна со работа на првата катна гаража „26 Јули" и воведе нова услуга- „паркирање во катна гаража" со што беа оспособени дополнителни 445 паркинг места.

Оваа, 2013 година, јавното претпријатие престана да стопанисува со три јавни паркиралишта: „Плоштад", „Музеј на Град Скопје 1" и „Музеј на Град Скопје 2". Со ова, бројот на паркинг места беше намален за 355 места организирани на начин кој употребува рампа при контрола на наплатата кај влезно- излезните партии.

## I. „ЗАТВОРЕНИ“ ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА

| РЕД. БР. | НАЗИВ НА ЈАВНО ПАРКИРАЛИШТЕ | ЛОКАЦИЈА | ПОВРШИНА $m^2$ | БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА+ ЛП (ВКУПНО) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **ВТОР СТЕПЕН НА ОГРАНИЧУВАЊЕ** | | ЦЕНА НА УСЛУГА **40 ДЕН./ ЧАС** | МЕСЕЧНА/ ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА: **3.000/ 30.000 ДЕН.** | |
| 1 | **КОЧО РАЦИН** | бул. „Кочо Рацин“ тех. бр. 35 | 3867 $m^2$ | 175+2 (**177**) |
| 2 | **ГРАДСКА БОЛНИЦА** | ул. „Филип Втори Македонски“тех. бр. 490 | 3.411 $m^2$ | 108+3 (**111**) |
| 3 | **ЗОИЛ** | ул. „Стив Наумов“ тех. бр. 18 | 2.317 $m^2$ | **123** |
| | | | **ВТОР СТЕПЕН НА ОГРАНИЧУВАЊЕ ВКУПНО:** | **411 ПАРКИНГ МЕСТА** |
| **ТРЕТ СТЕПЕН НА ОГРАНИЧУВАЊЕ** | | ЦЕНА НА УСЛУГА: **30 ДЕН./ ЧАС** | МЕСЕЧНА/ ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА: **2.000/ 20.000 ДЕН.** | |
| 4 | **ТУТУНСКИ КОМБИНАТ** [7] | ул. „Пролет“ бб | 3.283 $m^2$ | 130+4 (**134**) |
| 5 | **ТРЕСКА** | ул. „Народен Фронт“ тех. бр. 1 | 4.271 $m^2$ | 95 + 3 (**98**) |
| 6 | **АМСМ** | бул. „М.Т.Гологанов“ тех. бр. 332 | 1.591,55 $m^2$ | 107+ 4 (**111**) + 6 за камиони |
| 7 | **ДОМ НА ПЕЧАТ** | бул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.1 | 4.170 $m^2$ | 168+5 (**173**) |
| 8 | **НАРОДЕН ФРОНТ** | ул. „Народен Фронт“ бб | 2.658 $m^2$ | 96 + 3 (**99**) |
| 9 | **ГОБ „ 8ми СЕПТЕМВРИ“** | ул. „Париска“ тех. бр. 901 | 1.283 $m^2$ | 44+2 (**46**) |
| 10 | **Комплекс Клиники „МАЈКА ТЕРЕЗА“** | ул. „Мајка Тереза“ бр. 41а | 31.251 $m^2$ | 634 +16 (650) +261 во 2020 (вкупно: **911**) |
| | | | **ТРЕТ СТЕПЕН НА ОГРАНИЧУВАЊЕ ВКУПНО:** | **1572** (+6 за камиони) |
| | | | **СÈВКУПЕН БРОЈ ПАРКИНГ МЕСТА:** | **1983** |

## II. КАТНИ ГАРАЖИ

| РЕД. БР. | НАЗИВ НА КАТНА ГАРАЖА | ЛОКАЦИЈА | ПОВРШИНА $m^2$ | БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА+ ЛП (ВКУПНО) | МЕСТА ЗА ПОЛНЕЊЕ ЕЛЕКТРОМОБ ИЛИ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | ЦЕНА НА УСЛУГА: **30 ДЕН./ ЧАС** | | МЕСЕЧНА ПРЕТПЛАТА- **2 000 ДЕН.** | ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА- **20 000 ДЕН.** | |
| 1 | **КАТНА ГАРАЖА „26 ЈУЛИ“** | ул. „Св. Кирил и Методиј“ | 15873 $m^2$ | 428+17 (445) | 1 |
| 2 | **КАТНА ГАРАЖА „БЕКО“** | ул. „Даме Груев“ бр. 14 | 29183 $m^2$ | 589+16 (605) | 2 |
| | | | **СÈВКУПЕН БРОЈ ПАРКИНГ МЕСТА НА КАТНИ ГАРАЖИ:** | **1050** | **3** |

[7] На 01 Јуни 2017 година, јавното паркиралиште „Тутунски комбинат“ го менува режимот на работа: од мануелен систем на работа и употреба на рачна наплатна рампа (40 ден./ час) во електронски влезно- излезен паркинг систем (трет степен на ограничување односно, 25 ден./час) со што сите „затворени“ јавни паркиралишта со кои стопанисува претпријатието добија нов, модерен електронски влезно- излезен паркинг систем.

## III. ЈАВНИ ПОВРШИНИ НАМЕНЕТИ ЗА ПАРКИРАЊЕ- ЗОНИ

| РЕД. БР. | НАЗИВ НА ЈАВНА ПОВРШИНА НАМЕНЕТА ЗА ПАРКИРАЊЕ | ЛОКАЦИЈА (ПО ПРОЕКТ)/ тех. бр. | ОЗНАКА НА ЗОНА | ПОВРШИНА $m^2$ | ПАРКИНГ МЕСТА ЗА МОТОРИ | ПАРКИНГ МЕСТА+ЛПП (ВКУПНО) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **НУЛТА ПОРТОКАЛОВА ЗОНА (0)** | | **ВРЕМЕНСКО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПАРКИРАЊЕ**- НЕМА ОГРАНИЧУВАЊЕ/ **ЦЕНА НА УСЛУГА** 75 ДЕН. ПРВ ЧАС/ 50 ДЕН. СЕКОЈ НАРЕДЕН ЧАС | | | | |
| 1 | Средно Водно | ул. Тодор Александров 110А | **А0** | | | 40+114 (**154**) |
| 2 | Агромеханика | бул. ВМРО | **А01** | 825 $m^2$ | 2 | 40+2 (**42**) |
| 3 | Орце Николов (мал ринг) | ул. Орце Николов бб | **А05** | 1.183 $m^2$ | 2 | 38+1 + 24+1/ 2023 (**64**) |
| 4 | Максим Горки (мал ринг) | ул. Максим Горки бб | **А06** | 1.640 $m^2$ | | 86+3 (**89**) |
| | | | | | | ***ВКУПНО 0 ЗОНА:*** **349** |
| **ПРВА ЦРВЕНА ЗОНА (А)** | | **ВРЕМЕНСКО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПАРКИРАЊЕ**- 2 ЧАСА/ **ЦЕНА НА УСЛУГА** 40 ДЕН./ ЧАС | | | | |
| 5 | Даме Груев 1 | ул. Даме Груев бб | **А3** | 1.624 $m^2$ | 2 | 51 + 2 (**53**) |
| 6 | Даме Груев 2 | ул. Даме Груев бб | **А4** | 4.345 $m^2$ | 2 | 82+3 (**85**) |
| 7 | Камен Мост | Црвена Скопска Општина бб | **А8** | 1.920 $m^2$ | 2 | 146+5 (**151**) +7 такси |
| | | ***ВКУПНО А ЗОНА:*** | | ***7.889 $m^2$*** | | ***ВКУПНО А ЗОНА:*** **289** +7 такси |
| **ВТОРА ЖОЛТА ЗОНА (В)** | | **ВРЕМЕНСКО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПАРКИРАЊЕ**- 4 ЧАСА/ **ЦЕНА НА УСЛУГА** 30 ДЕН./ ЧАС | | | | |
| 8 | М.Х. Јасмин- Бристол 1 | бул. Св.Кирил и Методиј бб | **В2** | 2.435 $m^2$ | 2 | **57** |
| 9 | М.Х. Јасмин- Бристол 2 | бул. Св.Кирил и Методиј бб | **В3** | 408 $m^2$ | 2 | 47+2 (**49**) |
| 10 | Гимназија Јосип Броз Тито | ул. Димитрија Чуповски тех.бр. | **В6** | 390 $m^2$ | 2 | 25+1 (**26**) |
| 11 | Илинден | ул. Стив Наумов бб | **В7** | 924 $m^2$ | 2 | 74+3 (**77**) |
| 12 | ЈП Водовод и канализација | ул. Новопроектирана, Лазар Личеновски и Загребачк: | **В10** | 4.381,47$m^2$ | | **24** |
| | | | | **8.538,47 $m^2$** | | ***ВКУПНО Б ЗОНА:*** **233** |
| **ТРЕТА ЗЕЛЕНА ЗОНА (С)** | | **ВРЕМЕНСКО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПАРКИРАЊЕ**- 6 ЧАСА/ **ЦЕНА НА УСЛУГА** 25 ДЕН./ ЧАС | | | | |
| 13 | Коста Шахов | ул. Коста Шахов бб тех. бр.224 | **С8** | 350 $m^2$ | 2 | **7** |
| 14 | Дебарца, Тримпаре, Шахов (кај Методистичка Црква) | ул. Дебарца бб, ул. Никола Тримпаре бб ул. Коста Шахов бб | **С9** | 450 $m^2$ | 2 | **22** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 15 | Ѓуро Ѓаковиќ (Дебар Маало) | ул. Ѓуро Ѓаковиќ бб | **С15** | 800 m² | 4 | **73** |
| 16 | Ленинова (Дебар Маало) | ул. Аминта Трети бб | **С17** | 522,5 m² | 2 | **22** |
| 17 | Универзална Сала | ул. Костурски херои 280 | **С19** | 985 m² | 2 | 25+1 (**26**) |
| 18 | Транспортен Центар | ул. Борис Кидрич, ул. Беласица, ул. 23 Октомври и Пошта- ул. Никола Карев | **С33** | 1.152m² | 2 | 125+5 (**136**) + 6 такси |
| 19 | Транспортен Центар | ул. Никола Карев кај Депо Пајак | **С35** | 4.751m² | 2 | 51+2 (**53**) |
| 20 | Комплекс Објекти: Судска Палата, *МАНУ, МТВ* | ул. Кеј Димитар Влахов | **С45** | 4870 m² | 4 | 370+10 (**380**) |
| 21 | Кеј Димитар Влахов | ул. Кеј Димитар Влахов | **С46** | 9216m² | 2 | **193** |
| 22 | *ЗОО* | бул. Илинден бб | **С80** | 3713m² | 2 | 96+3 (99)+ 24 во 2022 (**123**) + 5 такси |
| 23 | Собрание на Град Скопје | бул. Илинден бб | **С81** | 4015m² | 6 | 127+4 (**131**) |
| | | | ***ВКУПНО Ц ЗОНА:*** | **32.200 m²** | **34** | **1166** + 11 такси |

***ЧЕТВРТА БЕЛА ЗОНА (D)*** ***ВРЕМЕНСКО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПАРКИРАЊЕ***- *НЕМА ОГРАНИЧУВАЊЕ/* ***ЦЕНА НА УСЛУГА*** *25 ДЕН./ ЧАС*

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 24 | Хотел Русија | бул. АСНОМ | ***D1*** | 1330 m² | | 30+1 (**31**) |
| 25 | ТЦ Три Бисери | бул. Јане Сандански | ***D2*** | | | **780** |
| 26 | ТЦ Бисер | бул. Јане Сандански 1455 | ***D3*** | 16.875m² | 4 | 1604+48 (**1652**) |
| 27 | Веро (Рударски Институт) | бул. Јане Сандански 1455 | ***D4*** | 9.375 m² | 4 | 717 + 10 (**727**) |
| 28 | Владимир Комаров | ул. 23 Октомври | ***D5*** | 5720 m² | 2 | 112+4 (**116**) |
| 29 | Палма Аеродром | бул. Јане Сандански тех.бр.670 | ***D6*** | 5067 m² | 4 | 110+3 (113) + Анекс 41 (**154**)[8] |
| 30 | Аеродром- Глорија (зелени згради) | бул. Јане Сандански 1455 | ***D7*** | 17050m² +1018m² | 2 | 593+20 + Анекс 43+4 (**660**) |
| 31 | Бојмија | ул. Бојмија | ***D8*** | 1724 m² | 2 | 61+2 (**63**) |
| 32 | Локалитет „Црква“ | бул. Јане Сандански, ул. Владимир Комаров | ***D9*** | 23450 m² | | 867+25 (**892**) [9] |

[8] Првичното Решение за утврдување режим на сообраќај е од 15.07.2010. Проширување за 41 паркинг место на ул. Бојмија е спроведено согласно Решение за утврдување режим на сообраќај од 21.12.2020 година.

[9] Субзона Д9 согласно сообраќајно- техничкото решение е организирано да овозможи организиран сообраќај во мирување за **987 патнички возила** (по проект) но, на оваа јавна површина паркирањето се имплементира постепено, етапно. Најпрвин, 2021 година беа обележани 259 паркинг места и 8 паркинг места за лица со попреченост. Потоа, месец Август 2022 година се обележаа дополнителни 138 и 5 паркинг места за лица со попреченост. Ноември 2023 година се обележаа уште 470 паркинг места и 12 места за лица со попреченост. Оттука, на оваа подзона има оспособено вкупно **892** паркинг места за потребите на граѓаните.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 33 | Градска Болница „8 Септември“ | ул. Бледски Договор | ***D40*** | 3460 $m^2$ | | 63+2 (**65**) |
| 34 | МиДа | ул. Орце Николов Општина Карпош | ***D42*** | | | 77+2 (**79**) |
| 35 | Тениски клуб ***АБЦ*** | бул. Илинден бб | ***D62*** | 1440 $m^2$ | 2 | 32+1 (33) + 123 во 2020 (**156**) + 5 такси |
| | | | ***ВКУПНО Д ЗОНА:*** | **85.859 $m^2$** | **20** | **5375** + 5 такси |
| | | | ***СЀВКУПНО:*** | **110.952 $m^2$** | **72** | **7412** + 23 такси |

# 4. СЕКТОР ПАЈАК

Со цел поефикасно да делува во остварување на својата основна дејност- уредување на сообраќајот во мирување, ова јавно претпријатие покрај оспособување паркинг места во градот (и давање услуга паркирање), својата работа ја организира и во делот на отстранување неправилно запрени и паркирани возила, изложени на јавни сообраќајни и зелени површини каде оневозможуваат непречено одвивање на сообраќајот за пешаци, велосипедисти, лица со попреченост, возила итн. Дислоцирањето на овие возила Претпријатието го спроведува со помош на работењето и заложбите на овој сектор и специјалните возила Пајак.

Својата основна цел и дејност овој сектор ја исполнува во соработка со сообраќајна полиција и комуналните инспектори на Град Скопје и другите општини, овозможувајќи полесен проток на возилата и пешаците во сообраќајот.

Во текот на 2018 година, претпријатието реализираше три донации на специјални возила пајак и тоа за Општина Куманово, Општина Штип и Општина Охрид. Донирани беа првите специјални возила со кои работеше претпријатието, специјални возила пајак марка *Ивеко Отојол* и едно специјално возило пајак марка *Мерцедес*.

Во текот на 2019 година, во Сектор Пајак беа набавени две нови специјални возила Пајак, марка *Iveco,* додека две постари возила од возниот парк на овој сектор, исто така марка *Iveco,* се донирани во Кавадарци и Струмица.

Во текот на 2021 година се отпочна постапка за донација на уште едно специјално возило пајак која што постапка се реализира во 2022 година. Оваа донација е за Општина Охрид и се однесува на специјално возило пајак марка *Ивеко Еурокарго* набавено 2007 година.

Покрај тековните работи, во своето секојдневно работење овој сектор врши и се справува и со други дејности значајни за општеството, на пример: при посета на ВИП личност, овој сектор со помош на специјалните возила придонесува за зголемување на безбедноста на сообраќајот на јавните површини; во вакви ситуации, „се чистат улиците“ односно, се обезбедува траса на движење на ВИП личноста со цел да се овозможи и спроведе безбедносен протокол.

Секојдневните активности и совесното работење на Сектор Пајак во голема мерка придонесуваат во зголемување на безбедноста на сообраќајот во мирување на јавните површини на територија на главниот град. Овој сектор е постојано спремен да обезбеди непречени услови за одвивање на сообраќајот.

Бројот на непрописно паркирани возила, подигнати и отстранети од страна на Сектор Пајак во 2023 година е поголем во однос на возилата отстранети 2022 година. Во прилогот Финансиски извештаи ова е претставено и табеларно.

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА СПЕЦИЈАЛНИТЕ ВОЗИЛА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

| РЕД. БР. | ТИП НА ВОЗИЛО | МАРКА НА ВОЗИЛО | РЕГИСТАРСКА ОЗНАКА | ВОЛУМЕН $sm^3$ | СНАГА KW | ГОДИНА НА ПРОИЗВОДСТВО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Специјално возило Пајак | Ивеко Еуро карго ML 120 EL22 | SK 120 RJ | 3920 | 125 | 2007 |
| 2 | Специјално возило Пајак | Ивеко Еуро карго ML 120 EL22 | SK 4027 AD | 5880 | 160 | 2013 |
| 3 | Специјално возило Пајак | Ивеко Еуро карго ML 120 EL22 | SK 4037 AD | 5880 | 160 | 2013 |
| 4 | Специјално возило Пајак | Мерцедес бенз Атего 1222 | SK 4975 AM | 4800 | 160 | 2017 |
| 5 | Специјално возило Пајак | Мерцедес бенз Атего 1222 | SK 4976 AM | 4800 | 160 | 2017 |
| 6 | Специјално возило Пајак | Мерцедес бенз Атего 1221 | SK 4026 AR | 5123 | 155 | 2018 |
| 7 | Специјално возило Пајак | Ивеко Еуро карго ML 120 EL22 | SK 7639 AU | 5880 | 160 | 2019 |
| 8 | Специјално возило Пајак | Ивеко Еуро карго ML 120 EL22 | SK 7641 AU | 5880 | 160 | 2019 |
| 9 | Возило за чистење | ДУЛЕВО 850 мини | SK 6401 AE | 1490 | 24,2 | 2017 |
| 10 | Шлеп возило | Мерцедес-бенз-Атего 918 | SK 4027 AP | 5123 | 130 | 2018 |
| 11 | Кипер Возило | Ивеко DAILY 50C15D | SK 7640 AU | 5880 | 160 | 2019 |
| 12 | Машина за чистење снег | Мулти Оне 7.3С | SK 1641AV | 3000 | 26 | 2020 |

ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2023 ГОДИНА

БИЛАНС НА УСПЕХ,
БИЛАНС НА СОСТОЈБА И
ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

## ПРИЛОГ КОН ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ

Скопје, Април 2024

# 5.1 БИЛАНС НА УСПЕХ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2023 ГОДИНА

| | ПРИХОДИ кл.7 | 2023 година | 2022 година |
|---|---|---|---|
| РЕД.БР. | 1 | 2 | 3 |
| 1. | ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 227.740.636,00 | 200.501.358,00 |
| 2. | ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 27.821.954,00 | 14.472.761,00 |
| 3. | ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА РАСХОД | 0.00 | 0.00 |
| 4. | ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2.287.834,00 | 7.866.983,00 |
| 5. | ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 4.779,00 | 32.008,00 |
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ:** | **257.855.203,00** | **222.873.110,00** |

| | РАСХОДИ кл.4 | 2023 година | 2022 година |
|---|---|---|---|
| РЕД.БР. | 1 | 2 | 3 |
| 1. | ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ | 13.172.927,00 | 22.965.995,00 |
| 2. | ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ | 58.987.464,00 | 53.458.396,00 |
| 3. | ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ | 154.375.872,00 | 137.610.542,00 |
| 4. | ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА | 12.489.014,00 | 13.450.699,00 |
| 5. | ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 7.903.658,00 | 7.942.946,00 |
| 6. | ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 77.578,00 | 52.788,00 |
| 7. | ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 265.596,00 | 331.392,00 |
| 8. | ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | 26.024,00 | 78.021,00 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **247.298.133,00** | **235.890.779,00** |

## ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

| ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ | 2023година | ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ | 2022година |
|---|---|---|---|
| ВКУПНО ПРИХОДИ | 257.855.203,00 | ВКУПНО ПРИХОДИ | 222.873.110,00 |
| ВКУПНО РАСХОДИ | 247.298.133,00 | ВКУПНО РАСХОДИ | 235.890.779,00 |
| ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВЊЕ | 10.557.070,00 | | |
| ДАНОК НА ДОБИВКА | 1.194.603,00 | | |
| ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ | **9.362.467,00** | ЗАГУБА | **-13.017.669,00** |

# ПРИХОДИ

Вкупните приходи на ЈП Градски Паркинг- Скопје за период од 01 Јануари до 31 Декември 2023 година изнесуваат 257.855.203,00 денари.

Споредено со минатата 2022 година, **приходите на претпријатието се зголемени** за 34.982.093,00 денари или за 16% ако се земе предвид фактот дека минатата година приходите изнесувале 222.873.110,00 денари.

| | 2023 ГОДИНА | 2022 ГОДИНА | ВИДОВИ НА ПРИХОДИ |
|---|---|---|---|
| | | | |
| *1.1.* | 227.740.636,00 | 200.501.358,00 | ***ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*** |
| *1.2.* | 27.821.954,00 | 14.472.761,00 | ***ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК*** |
| *1.3.* | 2.287.834,00 | 7.866.983,00 | ***ОСТАНАТИ ПРИХОДИ*** |
| *1.4.* | 4.779,00 | 32.008,00 | ***ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*** |
| | **257.855.203,00** | **222.873.110,00** | ***ВКУПНО ПРИХОДИ*** |

## *1.1. ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

Во текот на 2023 година Сектор Јавни паркиралишта остварува приход по основ давање услуга- паркирање на износ 227.740.636,00 денари.

Во споредба со истиот период минатата година, приходот од оваа дејност која ја остварува претпријатието, давање услуга-паркирање, е **повисок** за 27.239.278,00 денари или за 13,59%.

Приходите од Сектор Јавни Паркиралишта во текот на 2023 година произлегуваат од:

- ✓ Приходи од т.н. „затворени“ јавни паркиралишта, во износ од 81.974.468,00 денари;
- ✓ Приходи од т.н. „зонско паркирање“- на износ 117.856.371,00 денари и
- ✓ Приходи од катни гаражи со вкупен износ од 27.909.797,00 денари.

Истите овие приходи, во 2022 година изнесувале 200.501.358,00 денари, односно:

- ✓ Приходи од т.н. „затворени“ јавни паркиралишта, во износ од 70.434.907,00 денари;
- ✓ Приходи од т.н. „зонско паркирање“- на износ 107.724,533,00денари и
- ✓ Приходи од катни гаражи со вкупен износ од 22.341.918,00денари.

Доколку направиме анализа на оваа група на трошоци се забележува дека одделни трошоци се речиси на идентично ниво како и минатата година: ПТТ услуги, телефонија, графички услуги, наем на деловни простории и користење на паркинг површини, регистрција на возила, одржување на нематеријални средства итн.

Порастот на трошоците за услуги произлегува во најголем дел од трошоците за ѓубретарина како резултат на задолжувањето кое претпријатието го доби во месец Август 2023 година од страна на ЈП Комунална хигиена- Скопје да плаќа ѓубретарина за дел од јавните површини наменети за паркирање.

Трошокот за администрирање на системот за  зонско паркирање е поголем како резултат на поголем промет во извештајниот период.

Бележиме пораст и на трошокот за времени вработувања како резултат на воведување три сменско работење на речиси сите затворени јавни паркиралишта, отворање на нова зона во Општина Карпош- подзона Д42, проширување на подзоните Д1 и Д9 во Општина Аеродром итн.

Во делот на одржување на паркинг површините, во текот на 2023 година спроведено е бележење на следните паркиралишта :

- Јавни површини наменети за паркирање Центар (зони: C19, C80, C81) – 441.91 m$^2$
- Јавна површина наменета за паркирање Илинден (зона C33) – 73.1 m$^2$
- Јавни површини наменети за паркирање Аеродром (зони D3 и D6) -549.9 m$^2$
- Јавно паркиралиште „Клинички Центар Мајка Тереза“-  30.2 m$^2$

Поставувањето хоризонтална сигнализација или бележење на паркинг местата и паркинг површини е тековна ставка која претпријатието ја спроведува секоја година во вршење на својата основна дејност- паркирање или организирање на сообраќајот во мирување. Бележењето на паркинг местата се врши со бела и жолта боја, со која се означуваат паркинг местата за лица со посебни потреби. Бележење се врши на новоформирани паркинг површини но, се одвива и реконструкција на постоечките јавни паркиралишта, површини наменети за паркирање и катни гаражи.

Вкупниот износ на трошок за бележење  оваа година изнесува 110.979,00 денари.

Вертикалната сигнализација се поставува во согласност со Правилникот за сообраќајни знаци, опрема и сигнализација (во триаголна, квадратна, правоаголна форма).

Оваа година поставени се инфо табли на јавните површини наменети за паркирање, подзони: Ц80 и А05 (Центар), Д42 (Карпош), Д1, Д8 и Д9 (Аеродром). Вкупниот износ на трошок за поставени информативни табли во 2023 година изнесува 382.724,00 денари.

Во прилог, даваме табеларен преглед на површини на кои претпријатието има спроведено бележење во текот на 2023 година.

| ПРОСТОР НА БЕЛЕЖЕЊЕ | БЕЛЕЖЕЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОР СО БЕЛА БОЈА | БЕЛЕЖЕЊЕ СТРЕЛКИ СО БЕЛА БОЈА | БЕЛЕЖЕЊЕ РАЗДЕЛНИ ОСТРОВА СО БЕЛА БОЈА | БЕЛЕЖЕЊЕ НА ЛПП СО ЖОЛТА БОЈА | ВКУПНО БЕЛЕЖЕНА ПОВРШИНА ВО $m^2$ |
|---|---|---|---|---|---|
| *1* | *2* | *3* | *4* | *5* | *6* |
| **Ц19** | | | | 5 | **5** |
| **Ц33** | 56.4 | 3.2 | 3.5 | 10 | **73.1** |
| **Ц80** | 128.76 | 27 | 75 | 10 | **240.76** |
| **Ц81** | 101.4 | 7.75 | 67 | 20 | **196.15** |
| **Д3** | 355.2 | 30.5 | | 45 | **430.7** |
| **Д6** | 29.70 | 2.50 | 87.00 | | **119.2** |
| ***КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР МАЈКА ТЕРЕЗА*** | 14.2 | | 16 | | **30.2** |
| ***ВКУПНО $m^2$*** | **685.66 $m^2$** | **70.95$m^2$** | **248.5$m^2$** | **90$m^2$** | **1095.11 $m^2$** |

## *2.3. ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ*

| *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ* | 2023 | 2022 | *РАЗЛИКА* | *ИНДЕКС* |
|---|---|---|---|---|
| *1* | *2* | *3* | *4* | *5* |
| ***ВКАЛКУЛИРАНИ ПЛАТИ*** | 151.368.391,00 | 133.588.090,00 | 17.780.301,00 | 1,13 |
| ***ОТПРЕМНИНА*** | 65.016,00 | 428.004,00 | -362.988,00 | 0,15 |
| ***ЈИБИЛЕЈНИ НАГРАДИ*** | 6.666,00 | 53.328,00 | -46.662,00 | 0,13 |
| ***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР*** | 2.788.861,00 | 3.373.249,00 | -584.388,00 | 0,83 |
| ***ТРОШОЦИ ЗА ПОМОШ НА ВРАБОТЕНИ*** | 146.938,00 | 167.871,00 | -20.933,00 | 0,88 |
| ***ВКУПНО:*** | **154.375.872,00** | **137.610.542,00** | **16.765.330,00** | **1,12** |

Кај трошокот за плати, надоместоци од плата и други трошоци, бележиме пораст за 16.765.330,00 денари, споредено со минатата година.

Износот на трошок за плати варира од повеќе причини: вработувања, пензионирање на вработени, користење боледувања, неплатено отсуство, прекувремена работа, отказ итн.

Зголемувањето на трошкот за плати произегува како резултат на зголемување на платите за 10% согласно Закон за колективен договор за јавен сектор.

Бележиме намалување на трошокот за регрес од причина што износот на истиот по лице е помал во спредба со 2022 година односно, со Колективен договор за јавен сектор за 2023 година е утврден во поединечен износ од 11.111,00 ден. со вклучен длд (нето износ 10.000,00 денари). Минатата година беше исплатен регрес во нето износ од 12.000,00 ден. односно 13.333,00 ден. со вклучен длд.

Заклучно 31.12.2023 година бројот на вработени во претпријатието изнесува 247 лица, преку Агенција за привремени вработувања бројот на ангажирани лица во нашето претпријатие е 29.

По основ- надоместоци на вработените, во 2023 година евидентирани се трошоци за:

- ✓ исплата на отпремнина во вкупен износ од 65.016,00 денари за еден вработен кој заминал во пензија,
- ✓ јубилејни награди во вкупен износ од 6.666,00 денари (3.333,00 денари по вработен), за двајца вработени кои се стекнале со непрекинат стаж од 10 години во јавното претпријатие,
- ✓ Надомест на двајца вработени за непрекинато боледување во траење од 6 месеци како и за помош за лекување на 3 (три) вработени исплатен е вкупен износ од 146.938,00 денари,
- ✓ исплатен регрес за годишен одмор во вкупен износ од 2.788.861,00 денари.

***ПРЕГЛЕД НА ТРОШОКОТ ЗА БРУТО ПЛАТА ПО СЕКТОРИ***
***СПОРЕДБЕН ПРИКАЗ 2023 НАСПРОТИ 2022 ГОДИНА***

| РЕД. БР. | ОПИС | БРУТО ПЛАТА 2023 | БРУТО ПЛАТА 2022 | + / - | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|---|
| *1* | *АДМИНИСТРАЦИЈА* | 32.164.775,00 | 26.483.821,00 | 5.680.954,00 | 1.21 |
| *2* | *СЕКТОР ПАЈАК* | 20.642.299,00 | 20.578.806,00 | 63.493,00 | 1.00 |
| *3* | *ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА* | 43.368.404,00 | 38.000.206,00 | 5.368.198,00 | 1.14 |
| *4* | *ЈАВНИ ПОВРШИНИ НАМЕНЕТИ ЗА ПАРКИРАЊЕ- ЗОНИ* | 55.192.913,00 | 48.525.257,00 | 6.667.656,00 | 1.14 |
| | *ВКУПНО:* | **151.433.407,00** | **133.588.090,00** | **17.845.317,00** | **1.13** |

***УЧЕСТВО НА ТРОШОКОТ ЗА ПЛАТИ ВО ПРИХОДИТЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО СПОРЕДБЕН ПРИКАЗ 2023 НАСПРОТИ 2022 ГОДИНА***

| РЕД. БР. | ГОДИНА/БРОЈ ВРАБОТЕНИ | БРУТО ПЛАТА | ПРИХОДИ | % НА УЧЕСТВО НА ПЛАТИТЕ ВО ПРИХОДИТЕ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **2023/ 277** | 151.433.407,00 | 257.855.203,00 | 58,73 |
| 2 | **2022/ 284** | 133.588.090,00 | 222.873.111,00 | 60,84 |

***ПРОСЕЧНА БРУТО И НЕТО ПЛАТА ВО ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ– СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА***

| РЕД. БР. | ОПИС | ИЗНОС 2023 | ИЗНОС 2022 |
|---|---|---|---|
| 1 | ПРОСЕЧНА БРУТО МЕСЕЧНА ПЛАТА НА НИВО НА ПРЕТПРИЈАТИЕ | 12.619.451,00 | 11.132.341 |
| 2 | ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ПО ЧАСОВИ | 262 | 264 |
| 3 | ПРОСЕЧНА БРУТО МЕСЕЧНА ПЛАТА НА ВРАБОТЕН | 48.166 | 42.168 |
| 4 | ПРОСЕЧНА НЕТО МЕСЕЧНА ПЛАТА НА ВРАБОТЕН | 31.947 | 28.160 |

## 2.4. АМОРТИЗАЦИЈА

Трошокот за амортизација во 2023 година изнесува 12.489.014,00 денари. Трошокот за амортизација во минатата година изнесувал 13.450.699,00 денари.

## *2.5. ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ*

| **ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | **2023** | **2022** | **РАЗЛИКА** | **ИНДЕКС** |
|---|---|---|---|---|
| *ДНЕВНИЦИ И ПАТНИ ПРОШОЦИ ЗА СЛУЖБЕН ПАТ* | 0,00 | 63.855,00 | -63.855,00 | 0,00 |
| *ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ НА ВРАБОТЕНИ, ОБУКИ И СЛ.* | 89.148,00 | 29.348,00 | 59.800,00 | 3,04 |
| *НАДОМЕСТОЦИ ЗА УПРАВЕН И НАДЗОРЕН ОДБОР* | 1.866.684,00 | 1.866.684,00 | 0,00 | 1,00 |
| *ТРОШОЦИ ЗА ПРОМОЦИЈА И ДОНАЦИЈА* | 30.000,00 | 23.000,00 | 7.000,00 | 1,30 |
| *РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА* | 406.588,00 | 205.519,00 | 201.069,00 | 1,98 |
| *ТРОШОЦИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ* | 471.226,00 | 460.427,00 | 10.799,00 | 1,02 |
| *БАНКАРСКИ ПРОВИЗИИ* | 712,444,00 | 608.549,00 | 103.895,00 | 1,17 |
| *ДДВ НА УСЛУГИ КАКО ДОНАЦИИ ИЛИ СПОНЗОРСТВА* | 0,00 | 743.356,00 | -743.356,00 | 0,00 |
| *ТРОШОК ЗА ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ* | 2.746.998,00 | 2.781.515,00 | -34.517,00 | 0,99 |
| *ИНТЕЛЕКТУАЛНИ УСЛУГИ- РЕВИЗИЈА, ЗДРАВСТВЕНИ ПРЕГЛЕДИ, ПРОЕКТИ, ПРЕВОДИ, ДОГОВОР НА ДЕЛО* | 489.794,00 | 315.706,00 | 174.088,00 | 1,55 |
| *АДВОКАТСКО- НОТАРСКИ УСЛУГИ, СУДСКИ И АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ* | 568.547,00 | 404.486,00 | 164.061,00 | 1,41 |
| *ЧЛЕНАРИНИ, КОРИСТЕЊЕ ПРАВА* | 272.435,00 | 147.315,00 | 125.120,00 | 1,85 |
| *ОГЛАСУВАЊЕ, ПРЕТПЛАТА НА ДНЕВНИ ВЕСНИЦИ И СТРУЧНИ СПИСАНИЈА* | 249.794,00 | 293.187,00 | -43.393,00 | 0,85 |
| ***ВКУПНО:*** | **7.903.658,00** | **7.942.946,00** | **-39.288,00** | **1,00** |

Во оваа група спаѓаат следните трошоци: дневници и патни трошоци за службени патувања, други надоместоци на вработените, обуки и слично, надоместоци на органите на управување, трошоци за донации, репрезентација, осигурување, банкарски провизии, трошок за ДДВ, интелектуални услуги, договор на дело, превод, судски и административни такси, адвокатски и нотарски трошоци, трошоци за огласување, претплата на весници и стручни списанија итн.

Во 2023 година реализирани се „останати трошоци на работење“ во износ од 7.903.658,00 денари односно, во целина се забележува намалување кај оваа категорија на трошоци за 39.288,00 денари.

Во групата бележиме различно движење на одделни трошоци. Во табелата погоре ги прикажуваме трошоците и нивните износи во текот на 2023 година споредено со 2022 година.

## 2.6. ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА

| ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ТЕКОВНИ И НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 2023 | 2022 | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| *ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА* | 77.211,00 | 52.550,00 | 24.661,00 | 1,47 |
| *ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАЛИХИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ* | 367,00 | 238,00 | 129,00 | 1,54 |
| ***ВКУПНО:*** | **77.578,00** | **52.788,00** | **24.790,00** | **1,47** |

Во 2023 година евидентираме вредносно усогласување на побарувања на износ 77.211,00 денари како и вредносно усогласување на залихите на материјали кое изнесува 367,00 денари.

## 2.7. ОСТАНАТИ РАСХОДИ

| ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 2023 | 2022 | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| *ОТПИС НА ПОБАРУВАЊА* | 149.370,00 | 51.200,00 | 98.170,00 | 2,92 |
| *ОДОБРЕНИЈА ПО РЕКЛАМАЦИИ* | 105.914,00 | 131.034,00 | -25.120,00 | 0,81 |
| *НЕПРИЗНАТИ ТРОШОЦИ, КУСОЦИ, ШТЕТИ, КАЗНИ* | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 |
| *ДРУГИ ТРОШОЦИ ЗА ИЗВРШИТЕЛИ, ВОНРЕДНИ РАСХОДИ* | 10.312,00 | 149.138,00 | -138.826,00 | 0,07 |
| ***ВКУПНО:*** | **265.596,00** | **331.372,00** | **-65.776,00** | **0,80** |

Евидентирани се останати трошоци за 2023 година во вкупен износ од 265.596,00 денари. Оваа група трошоци е помала во однос на 2022 година за 65.776,00 денари.

Евидентирани се трошоци кои произлегуваат од отпис на побарувања во висина од 149.370,00 денари, одобрени рекламации со износ 105.914,00 денари, како и расходи од поранешни години и вонредни расходи на вкупен износ од 10.312,00 денари.

## 2.8. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ

Во рамки на финансиските расходи, кои изнесуваат 26.024,00 денари, спаѓаат: трошок за казнена камата на износ од 25.020,00 ден. кој се однесува на задоцнето плаќање на сметки за телефон и струја, трошок за камата по основ извршени корекции за јавни давачки– износ 1.004,00 денари.

Овој вид на расход е помал во 2023 година за разлика од 2022 година за 51.997,00 денари.

# 3.2 БИЛАНС НА СОСТОЈБА

ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2023 ГОДИНА

## АКТИВА

| РЕД. БР. | АКТИВА | 2023 ГОДИНА | 2022 ГОДИНА |
|---|---|---|---|
| 1.1 | **ОСНОВНИ СРЕДСТВА кл.00** | 40.468.816,00 | 52.185.804,00 |
| 1.2 | **ЗАЛИХИ кл.3** | 2.911.335,00 | 3.476.388,00 |
| 1.3 | **ОБРТНИ СРЕДСТВА кл.1** | 64.292.872,00 | 32.068.232,00 |
| 1.4 | **АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА кл.1 гр. 19** | 918.696,00 | 711.430,00 |
| | **ВКУПНО АКТИВА:** | **108.591.719,00** | **88.441.854,00** |

## ПАСИВА

| РЕД. БР. | ПАСИВА | 2023ГОДИНА | 2022 ГОДИНА |
|---|---|---|---|
| 2.1 | **ЗАПИШАН КАПИТАЛ ДРЖАВЕН ЈАВЕН КАПИТАЛ** | 153.053,00 | 153.053,00 |
| 2.2 | **ЗАКОНСКИ РЕЗЕРВИ** | 15.305,00 | 15.305,00 |
| 2.3 | **АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА (ОД ПРЕТХОДНИ ГОДИНИ)** | 27.983.846,00 | 41.001.516,00 |
| 2.4 | **ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ – ЗАГУБА/ДОБИВКА** | 9.362.467,00 | -13.017.669,00 |
| 2.5 | **КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ кл.2** | 59.549.591,00 | 48.304.763,00 |
| 2.6 | **ОДЛОЖЕНИ ПЛАЌАЊА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ** | 11.527.457,00 | 11.984.886,00 |
| | **ВКУПНО ПАСИВА:** | **108.591.719,00** | **88.441.854,00** |

## *1.1. ОСНОВНИ СРЕДСТВА СО СОСТОЈБА 31 ДЕКЕМВРИ 2023 ГОДИНА*

ЈП Градски Паркинг- Скопје заклучно 31.12.2023 година располага со основни средства чија сегашна вредност изнесува 40.468.816,00 денари.

Во текот на 2023 година претпријатието инвестираше - набави нови средства: три клима уреди на износ од 103.950,00 денари; сообраќајни проекти во вредност од 589.500,00 денари; моторна пила за потребиоте на Одделението за одржување на јавни паркиралишта на износ 42.669.00 денари; лаптоп компјутер на износ 35.907,00 денари; три фискални каси резервни за потребите на Сектор Јавни паркиралишта на износ 36.949,00. Набавени се шест гуми од кои четири за опремување на едно возило и2 зимски гуми за замена севкупно на износ 15.471,00 денари.

## 1.2. ЗАЛИХИ

Вредноста на залихите изнесува 2.911.335,00 денари.

Од нив 1.951.750,00 денари претставуваат залихи на суровини и материјали односно, се однесува на следните ставки: канцелариски материјал, чип и греб картички, репрезентативни средства за потребите на кујната, средства за чистење итн.

Залихата на ситен инвентар изнесува 444.345,00 денари и претставува залиха од паркинг клешти, канцелариски мебел, лопати, блокатори, полначи, радијатори и друг инвентар.

ХТЗ опрема има на залиха во вредност од 515.240,00 денари и се состои од флуоросцентни елечиња, поло маички, одела за дожд, ракавици, јакни, панталони итн. набавена во текот на 2022 година.

## *1.3. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

Состојбата на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 31.12.2023 година како и девизната сметка, благајна и виза дебит картичка бележи вкупен износ од 50.919.324,00 денари.

Побарувањата од купувачи изнесуваат 11.785.529,00 денари. Наплатата на истите се врши тековно во наредниот пресметковен период.

Вредноста на тужените побарувања изнесува 2.877.368,00денари. Во најголем дел овие побарувања произлегуваат од тужење на комитенти по доплатни карти заради неплатено зонско паркирање. Постапката за дел од предметите се води во судовите а дел од тужените побарувања во текот на 2012-та и 2013-та година се процесирани директно на нотар. Нивната наплата се врши тековно.

Побарување за повеќе платен данок од добивка- износ од 1.066.312,00 денари. Овој износ произлегува од платени аконтации на данок од добивка во текот на 2020 година.

Побарувања за повеќе платени придонеси на износ 10.037,00 се однесуваат на корекции од плата на вработени и тие средства ќе бидат пребиени при наредни пресметки на плата.

Побарувања од вработени на износ 282.426,00 денари се однесуваат во најголем дел по основ задолженија со ситни пари на паркиралишта. Во износот вклучени се и задолженија за надминати телефонски лимити на службени телефони, кусоци, штети од вработени, задолженија по основ картички за евиденција на работно време итн.

Побарувања од купувачи со платежни картички на износ 229.244,000 денари се всушност тековни побарувања од деловна банка по основ на дневен промет процесиран по пат на пос терминал а чија наплата се врши редовно секој нареден работен ден.

## *1.4. АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА*

На сметките од група 19 евидентирани се трошоци на износ 918.696,00 денари а кои ќе се реализираат во наредните периоди. Станува збор за трошоци за осигурување 263.628,00 денари, 6.920,00 денари за чип картички, 207.085,00 денари услуги за обновување на софтверски лиценци и годишен надоместок за радиофрекфенции, трошоци за платени такси на нотари и извршители 441.063,00 денари.

## *1.5. ОБВРСКИ*

Претпријатието нема долгорочни обврски.

По основ краткорочни обврски должи севкупно 59.549.591,00 денари. Во износот најголем дел отпаѓа на обврската за комунална такса кон Град Скопје на износ 49.430.383,00 денари; 6.031.705,00 денари се обврски кон добавувачи; даночни обврски на износ 3.876.747,00 денари; обврска кон вработените по основ данок на личен доход и

други надоместоци на износ 55.199,00 денари; обврски кон органите на управување по основ надомест за месец декември на износ 155.557,00 денари.

Претпријатието нема обврски по основ неисплатени плати за 2023 година.

По основ- обврска за комунална такса кон основачот Град Скопје во текот на 2023 година платен е износ од 11.062.766,00 денари.

## *1.6. ОДЛОЖЕНИ ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ*

Износот на оваа категорија е 11.527.458,00 денари.

Пресметани трошоци кои се однесуваат на нареден пресметковен период односно кои временски ги разграничуваме изнесуваат 280.526,00 денари. Тоа се трошоци по фактури за закуп кои се однесуваат за месец декември.

Приходи по основ извршени плаќања за услуга за паркирање а кои се однесуваат за наредниот пресметковен период изнесуваат 6.538.871,00 денари. Други одложени приходи по основ претплати се на износ 276.597,00 денари.

Во рамките на оваа група евидентирани се и приходи по основ субвенции и донации од Градот при што доделени се средства во опрема и во пари наменски за набавка на опрема. Овие приходи се евидентираат во согласност со МСС стандардите на сметките за временско разграничување при што нивниот износ за 2023 година е 4.431.463,00 денари.

# ЗАКЛУЧОК

Основна дејност на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски паркинг-Скопје е организирање и уредување на сообраќајот во мирување преку управување и користење на паркинг просторот во град Скопје.

**Претпријатието во 2023 година искажа позитивен финансиски резултат од 9.362.467,00 денари.**

Во текот на 2023 година во претпријатието посветено се работеше на понатамошно зголемување на оперативните приходи како од дејноста паркирање така и преку подигање непрописно паркирани возила во соработка со МВР и комуналните инспектори на Град Скопје.

Се продолжи со активности во функција на отворање дополнителни/ нови паркинг места, преку проширување на зонското паркирање на територија на Општина Карпош и Општина Аеродорм. Во текот на 2023 година отпочна со работа нова подзона Д42 во Општина Карпош. Во Општина Аеродром се спроведе проширување на зоните Д1 и Д9.

Од месец Септември се изврши усогласување на платите, согласно Колективен Договор на јавен сектор со кој платите на вработените се зголемија за 10%.

Во претпријатието навремено се подмируваат тековните обврски како што се: обврски кон добавувачи, даночни обврски, оврски кон вработените за плата и придонеси итн. Се внимава на трошење на средствата односно, на трошоците секаде каде процесот на работа тоа го дозволува.

Од погоре изнесеното, може да се заклучи дека во 2023 година во претпријатието се работело посветено и домаќински.

Во зависност од условите на стопанисување, очекуваме претпријатието да ги одржи и подобри резултатите од своето работење и следната година.

Сериозен проблем со кој се соочува претпријатието во своето работење е обврската за комунална такса која зафаќа 10% од цената на услугите за паркирање. Тоа е висок процент кој серизно ги оптеретува приходите на претпријатието. Очекуваме, со поддршка на Основачот, да се надмине овој системски проблем.

# ПАРКИНГ ПОВРШИНИ КОИ ПРЕТПРИЈАТИЕТО ПЛАНИРА ДА ГИ УРЕДИ ВО ТЕКОТ НА НАРЕДНАТА 2024 ГОДИНА

Согласно основната дејност на претпријатието- уредување на сообраќајот во мирување преку организирање на паркирањето, и потребите на главниот град, во текот на наредната 2024 година, Јавното Претпријатие за јавни паркиралишта Градски паркинг- Скопје планира да уреди и оспособи нови паркинг површини со кои дополнително ќе се зголеми територијата на организирано паркирање и бројот на паркинг места кои ќе бидат ставени во употреба за потребите на граѓаните.

Во текот на 2024 година Јавното Претпријатие планира да воведе зонско паркирање и во други Општини на градот: покрај Општина Аеродром (Стар Аеродром, Мичурин, Реонски Центар, Населба Ново Лисиче) и Општина Карпош (каде најпрво е предидено организирање на сообраќајот во мирување во Карпош 1, Карпош 2, Карпош 3, Карпош 4, Млечен Ресторан, Економија а потоа и во другиот дел од Општината), во овие рамки влегуваат и Општина Гази Баба- Населено место Автокомада, Општина Чаир, Општина Кисела Вода и Општина Сарај. На овој начин, уредувајќи повеќе јавни површини на кои сообраќајот во мирување ќе биде регулиран, уреден и безбеден, ќе се излезе во пресрет на градот и граѓаните.

Во Општина Карпош, согласно направените анализи на терен и потребите на жителите[1] во овој дел од градот, во план е да се преуредат одредени јавни површини со што ќе се оспособат за организиран сообраќај во мирување - паркирање.

Во Карпош 1 предвидено е да се организира сообраќајот во мирување на потегот помеѓу улиците „Гиго Михајловски“, ул. „Иван Аговски“, ул. „Даскал Камче“, ул. „Руѓер Бошковиќ“ и „Никола Тесла“. Со реорганизација и реконструкција на овие јавни површини на кои би се вовело зонско паркирање, јавното претпријатие би овозможило паркирање на околу 430 патнички возила.

Во Карпош 2, предвидено е да се оспособи потегот од бул. „8 Септември“, ул. „Бранислав Нушиќ“ и ул. „Веселин Маслеша“. Согласно набљудувањата спроведени на

[1] Од Општина Карпош до Јавното претпријатие во текот на 2021 има пристигнато „Барање за изработување проект за зонско паркирање“ но во овој дел од градот, во рамки на Општина Карпош, на одредени сообраќајници потребно е најпрвин да се измени режимот на сообраќај.

терен од страна на надлежни вработени во претпријатието овој потег би ставил во употреба уште околу 350 паркинг места.

Исто така, во рамки на Општина Карпош, во план е да се воведе зонско паркирање во реонот на Млечен Ресторан помеѓу улица „Френклин Рузвелт“ и булеварите „Партизански Одреди“, „М.Т. Гологанов“ и „8 Септември“.

Понатаму, во рамки на Општина Карпош, реон Министерство за Економија, опсегот помеѓу улиците „Франклин Рузвелт“, „Леринска“, „Брадфордска“ и булевар „М.Т. Гологанов“.

Во Општина Аеродром, планирано е уредување на нова подзона Д10 во рамки на Населба Мичурин, поточно на улица „Симеон Кавракиров“ на потегот од Транспортен Центар (Железничка Станица) до улица „Руди Чајавец“.

Исто така, во рамки на Општина Аеродром, предвидено е да се започнат потребни активности со кои би се уредил сообраќајот во мирување на јавните површини наменети за паркирање во рамки на Реонски Центар и населба Ново Лисиче.

Во Општина Гази Баба во тек е измена и уредување на режимот на сообраќај. Организацијата и подготовките за спроведување зонско паркирање се однесуваат на населено место Автокомада и индустрискиот дел на општината.

Во рамки на Општина Чаир се работи на организирање на подготовките за спроведување зонско паркирање најпрвин за делот кај Чаирчанка.

Кај наведените јавни површини наменети за паркирање кои претпријатието планира да ги уреди и оспособи за организиран сообраќај во мирување во текот на 2024 година, не е наведен бројот на паркинг места. Причината за тоа е постапката која претходи[2]: бидејќи сеуште не е изработено сообраќајно- техничко решение за паркинг површината, оттука, за овие јавни површини наменети за паркирање, бројот на паркинг места ќе биде дополнително утврден.

[2] Сообраќајно- техничкото решение- Проект за регулирање на сообраќајот треба да помине постапката пред надлежните органи: Сектор Сообраќај на Град Скопје и Министерство за внатрешни работи, Сектор за внатрешни работи- Скопје, Единица за безбедност на патниот сообраќај кои врз основа на изработениот Сообраќаен проект издаваат Согласност (СВР) и „Решение за утврдување режим на сообраќај“ за секоја паркинг површина која Претпријатието ја организира и стопанисува.

| | ПОДЗОНА | ПЛАНИРАН ПРОСТОРЕН ОПФАТ |
|---|---|---|
| ЧЕТВРТА БЕЛА D ЗОНА | D1- D10 | Општина Аеродром (Аеродром) |
| | D11- D15 | Општина Аеродром ( Ново Лисиче) |
| | D16- D22 | Општина Кисела Вода |
| | D23- D29 | Општина Чаир |
| | D30- D39 | Општина Гази Баба- Населено место Автокомада |
| | D40- D49 | Општина Карпош |
| | D50- D59 | Влае/ Ѓорче Петров |
| | D60- D69 | Општина Сарај |
| | | |
| НУЛТА ПОРТОКАЛОВА О ЗОНА | О ЗОНА | Водно |

Дополнителен број паркинг места е предвидено да се оспособи со проектирање и изведба на монтажна гаража во рамки на Општина Аеродром.

ЈП Градски Паркинг– Скопје
Скопје, 26.04.2023 година

*ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ*

Директор
М-р Михаил Петровски

| | ПОДЗОНА | ПЛАНИРАН ПРОСТОРЕН ОПФАТ |
|---|---|---|
| ЧЕТВРТА БЕЛА D ЗОНА | D1- D10 | Општина Аеродром (Аеродром) |
| | D11- D15 | Општина Аеродром ( Ново Лисиче) |
| | D16- D22 | Општина Кисела Вода |
| | D23- D29 | Општина Чаир |
| | D30- D39 | Општина Гази Баба- Населено место Автокомада |
| | D40- D49 | Општина Карпош |
| | D50- D59 | Влае/ Ѓорче Петров |
| | D60- D69 | Општина Сарај |
| НУЛТА ПОРТОКАЛОВА О ЗОНА | О ЗОНА | Водно |

Дополнителен број паркинг места е предвидено да се оспособи со проектирање и изведба на монтажна гаража во рамки на Општина Аеродром.

ЈП Градски Паркинг– Скопје
Скопје, 26.04.2023 година

*ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ*

Директор
М-р Михаил Петровски

Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja Publike për Parkingje Publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
СКОПЈЕ-SHKUP
Примено / E pranuar: 31 05 2024
| Орг. Един. Nj. org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlëra |
|---|---|---|---|
| 03 | -250 | /1 | |

# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА ГРАДСКИ ПАРКИНГ - СКОПЈЕ

Финансиски извештаи за годината што завршува на 31.12.2023 година и
Мислење на независниот ревизор

AUDIT Global Group Consulting

**ГЛОБАЛ ГРОУП КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје**
Ул. Тодор Паница бр.7/1-15 Скопје
audit@globalgroup.mk
02/5126 - 533

# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА ГРАДСКИ ПАРКИНГ - СКОПЈЕ

Финансиски извештаи за годината што завршува на 31.12.2023 година и
Мислење на независниот ревизор

**ГЛОБАЛ ГРОУП КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје**
Ул. Тодор Паница бр.7/1-15 Скопје
audit@globalgroup.mk
02/5126 - 533

# СОДРЖИНА

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР** ..... 2

**1. ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА** ..... 4

**2. ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА** ..... 5

**3. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧЕН ТЕК** ..... 6

**4. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНА** ..... 7

**5. БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ** ..... 8

**ПРИЛОЗИ:**

- Тековна состојба на субјектот
- Годишна пресметка
- Годишен извештај за работењето

**ГЛОБАЛ ГРОУП КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје**
**Седиште:** ул. Тодор Паница бр.7/1-15 Скопје,
**ЕДБ:** MK4058018530158
☎ 02/5126-533, 078/332-350
audit@globalgroup.mk , www.globalgroup.mk
**Сметка:** 200003332266115 Стопанска банка АД Скопје

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**ДО**
**Сопственикот на**
**Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ - Скопје,**
**ул. Македонија бр. 11а, Скопје, Центар**

**Извештај за финансиските извештаи**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ - Скопје, ул. Македонија бр. 11а, Скопје, Центар (во понатамошниот текст “Друштвото”), коишто го вклучуваат Извештајот за финансиска состојба на ден 31.12.2023 година, Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за парични текови како и Извештајот за промени во главнината за годината којашто завршува тогаш, како и прегледот на значајните сметководствени политики и останати белешки**.**

**Одговорност на раководството за финансиските извештаи**

Раководството е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија и интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

**Одговорност на ревизорот**

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија на Република Северна Македонија и Меѓународните стандарди за ревизија прифатени во Република Северна Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат

од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување во финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото со цел дизајнирање на ревизорски постапки коишто се соодветни на околностите, но не за цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.
Ревизијата, исто така, вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.
Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

**Мислење**

Според нашето мислење финансиските извештаи објективно ја презентираат во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ - Скопје, на ден 31 декември 2023 година, како и на нејзината финансиска успешност и нејзините парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

**Извештај за други правни и регулативни барања**

Менаџментот на Друштвото е, исто така, одговорен за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 384 и член 240 од Законот за трговски друштва ("Службен весник на Р. Мкедонија бр.28/2004...99/2022").
Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентност на Годишниот извештај, со историските финансиски информации објавени во годишната сметка и поединечните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2023 година, во согласност со МСР 720 од Стандардите за ревизија прифатени во Република Северна Македонија, како и во согласност со барањата на член 34, став 1 точка Д) од Законот за Ревизија ("Службен весник на Р. Македонија бр.158/2010...83/2018").
Наше мислење е дека, историските финансиски информации изнесени во Годишниот извештај за работењето на Друштвото со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2023 година, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во годишната сметка и поединечните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршувана 31 декември 2023 година.

**Скопје, 31.05.2024 година**
**Овластен ревизор**
**Никола Терзиев**

**ГЛОБАЛ ГРОУП КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје**
**Управител**
**Никола Терзиев**

# 1. ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА

**На 31 декември 2023 година** во илјади денари

| | | 2023 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Нематеријални средства | 5 | 1.050 | 683 |
| Материјални средства | 6 | 39.419 | 51.503 |
| | | **40.469** | **52.186** |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Залихи | 7 | 2.911 | 3.477 |
| Краткорочни побарувања | 8 | 13.374 | 12.691 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 9 | 50.919 | 19.377 |
| | | **67.204** | **35.545** |
| **Платени трошоци за идни периоди (АВР)** | 10 | **919** | **711** |
| **ВКУПНА АКТИВА** | | **108.592** | **88.442** |
| **ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ** | 13 | | |
| Основна главнина | | 153 | 153 |
| Законски резерви | | 15 | 15 |
| Акумулирана добивка | | 27.984 | 41.002 |
| Добивка за финансиската година | | 9.363 | - |
| Загуба за финансиската година | | - | (13.018) |
| | | **37.515** | **28.152** |
| **ОБВРСКИ** | | | |
| Краткорочни обврски | 11 | 59.550 | 48.305 |
| | | **59.550** | **48.305** |
| **Одложено плаќање на трошоци и приходи (ПВР)** | **12** | **11.527** | **11.985** |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | | **108.592** | **88.442** |

Белешките конфинансиските извештаи се интегрален дел од овие финасиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите
Финансиските извештаи прикажани од страниците 4 до 44 беа прифатени и одобрени на 29.03.2024 година

Михаил Петровски

Овластено лице

## 2. ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА

**За периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 год** во илјади денари

| | | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Приходи од работење** | | | |
| Приходи од продажба | 14 | 255.562 | 214.974 |
| Останати приходи | 15 | 2.288 | 7.867 |
| | | **257.850** | **222.841** |
| **Расходи од работење** | | | |
| Трошоци за суровини и материјали | 16 | 13.173 | 22.966 |
| Услуги со карактер на материјални т-ци | 17 | 58.987 | 53.458 |
| Останати трошоци од работењето | 18 | 7.814 | 7.850 |
| Трошоци за вработени | 19 | 154.465 | 137.704 |
| Амортизација | 20 | 12.489 | 13.451 |
| Обезвреднивање на тековни средства | 21 | 78 | 53 |
| Останати расходи од работењето | 22 | 266 | 331 |
| | | **247.272** | **235.813** |
| | 23 | | |
| Финансиски приходи | | 5 | 32 |
| Финансиски расходи | | (26) | (78) |
| **Добивка од финансиско работење** | | **(21)** | **(46)** |
| **ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ** | | | |
| | 24 | | |
| **Добивка пред оданочување** | | **10.557** | **-** |
| **Загуба пред оданочување** | | **-** | **(13.018)** |
| Данок на добивка | | (1.195) | / |
| **Загуба за деловната година** | . | **9.362** | **(13.018)** |

Белешките конфинансиските извештаи се интегрален дел од овие финасиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите
Финансиските извештаи прикажани од страниците 4 до 44 беа прифатени и одобрени на 29.03.2024 година

Михаил Петровски

Овластено лице

## 3. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧЕН ТЕК

**31 декември 2023 година** **во илјади денари**

| ОПИС | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Добивка/Загуба | 9,362 | (13,018) |
| Амортизација | 12,489 | 13,451 |
| Приходи од камати и курсни разлики | (5) | (32) |
| Расходи од камати и курсни разлики | 26 | 63 |
| **Оперативен Резултат** | **21,872** | **464** |
| Залихи | 565 | (1,552) |
| Побарувања кон неповрзани купувачи | (1,996) | 244 |
| Побарувања кон поврзани купувачи | - | - |
| Останати побарувања | 1,314 | (388) |
| Активни временски разграничувања | (207) | 11 |
| Долгорочни побарувања | - | - |
| Обврски кон добавувачи неповрзани | (1,424) | 1,223 |
| Обврски кон добавувачи поврзани | - | - |
| Останати обврски | 12,669 | (8,716) |
| Долгорочни обврски | - | - |
| Долгорочни резервирања | - | - |
| Пасивни временски разграничувања | (457) | (1,026) |
| **Вкупно од оперативни активности** | **32,335** | (9,741) |
| Вложувања во НПО | (772) | (4,838) |
| Долгорочни вложувања | - | - |
| Краткорочни вложувања | - | - |
| Исплатени дивиденди | - | - |
| **Вложувачки активности вкупно** | **(772)** | (4,838) |
| Долгорочни кредити | - | - |
| Краткорочни кредити | - | - |
| Наплатена камата | 5 | 32 |
| Платени камати | (26) | (63) |
| **Вкупно финансиски активност** | **(21)** | **(31)** |
| Паричен тек за тековна година | 31,542 | (14,610) |
| Парични средства на почеток на година | 19,377 | 33,987 |
| **Парични средства на крај на година** | **50,919** | **19,377** |

Белешките конфинансиските извештаи се интегрален дел од овие финасиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите

Финансиските извештаи прикажани од страниците 4 до 44 беа прифатени и одобрени на 29.03.2024 година

Михаил Петровски

Овластено лице

## 4. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНА

**31 декември 2023 година** во илјади денари

| | Опис | Запишан Капитал | Законски резерви | Статутарни резерви | Останати резерви | Акумулирана Добивка | Пренесена Загуба | Добивка за тековната година | Загуба за тековната година | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Состојба на 31.12.2022 | 153 | 15 | - | - | 41,002 | - | - | (13,018) | 28,152 |
| 2 | Издадени акции за пари | | | | | | | | | - |
| 3 | Откупени сопствени акции | | | | | | | | | - |
| 4 | Продадени откупени сопствени акции | | | | | | | | | - |
| 5 | Пренос на добивката | | | | | (13,018) | | - | 13,018 | - |
| 6 | Пренос на акумулираната добивка | | | | | | | | | - |
| 7 | Добивка за тековната година | | | | | | | 9,362 | | 9,362 |
| 8 | Загуба за тековната година | | | | | | | | - | - |
| 9 | Запишано зголемување во ЦРМ | | | | | | | | | - |
| 10 | Запишано намалување во ЦРМ | | | | | | | | | - |
| 11 | Останато зголемување/намалување | | | | | | | | | - |
| 12 | Дивиденди | | | | | | | | | - |
| 13 | Состојба на 31.12.2023 | 153 | 15 | - | - | 27,984 | - | 9,362 | - | 37,515 |

Белешките конфинансиските извештаи се интегрален дел од овие финасиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите

Финансиските извештаи прикажани од страниците 4 до 44 беа прифатени и одобрени на 29.03.2024 година

Михаил Петровски

Овластено лице

## 5. БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
**31 декември 2023**

### 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ДРУШТВОТО

Друштво Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ - Скопје со седиште на ул. Македонија бр. 11а Скопје, е основано на 20.10.2003.

**Скратениот назив на друштвото гласи:** ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ - Скопје

Основната дејност на друштвото според решението на Централниот регистар на РМ е под шифра: **52.21- Услужни дејности поврзани со копнениот превоз.**

**Покрај претежната дејност, Претпријатието обавува и други дејности и тоа:**
- 96.01 - Перење и хемиско чистење на текстилни и крзнени предмети
- 96.09 - Останати личну услужни дејности неспомнати на друго место
- 82.99 - Останати деловни помошни услужни дејности неспомнати на друго место
- 68.20 - Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг) и
- 45.20 - Одржување и поправка на моторни возила

**Даночниот број на друштвото е**:4030003493220
**Матичен број на друштвото е**:5808855

**Финансиското работење на Друштвото се обавува преку следниве банки:**
1. Комерцијална Банка АД Скопје
2. НЛБ Банка АД Скопје
3. Силк Роуд Банка
4. Халк Банка АД Скопје
5. Стопанска Банка АД Битола
6. Централна Кооперативна Банка

**Основна главнина:**
Паричен влог: 153.053,00

**Сопственик на друштвото е:**
Градоначалник на Град Скопје

**Органи на управување согласно статутот од 07.07.2006**
- Управен Одбор
- Надзорен Одбор
- Директор

**Управен Одбор:**

| Членови на УО со мадат до 28.12.2021 | Членови на УО со мандат од 29.12.2021 |
|---|---|
| Никола Божиновски | Антонио Тошев |
| Александра Николовска | Александар Шулев |
| Весна Стоимановска | Татјана Петрушевска |
| Славе Еленовски | Зоран Стојановски |
| Дарко Велочковски | Марјан Спасески |
| Васко Димовски | Мими Шулева Петков |
| Џеват Селами | Ванчо Спасески |
| Екрем Дардишта | Мартин Јовчевски |
| Азиз Максутовиќ | Арбеса Абази |
| Нури Бакиу | Армине Мемеши |
| Рамадан Сали | Игор Кралевски |
| Дарко Пандевски | Филип Ивановски |

**Директор на друштвото е**:
Михаил Петровски, ул. Козара Бр.18Б/19 Скопје- Центар, Центар

**Надзорен Одбор:**

| Членови на НО со мадат до 28.12.2021 | Членови на НО со мандат од 29.12.2021 |
|---|---|
| Тодор Пачаџиев | Ирена Тодоровска |
| Кристина Поповска | Соња Ѓелевска Шатловска |
| Бобан Вељановски | Анета Анетевска Јордановска |
| Иљаз Бајрамов | Стрезо Јовановски |
| | Зулфи Шаќири |

**Сектори:**
- Канцеларија на директорот
- Јавни паркиралишта
- Пајак
- Финансии и сметководствени работи
- Правни и општи работи
- Комерција и маркетинг

Независно од секторите се и одделение за внатрешна ревизија и контрола, одделение за човечки ресурси и одделение за јавни набавки.

Даночниот обврзник е регистриран како ДДВ обврзник.

Во тековната 2023 година друштвото има **262** вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ).
Инаку бројот на вработени со 31.12.2023 година изнесува 248.

ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- Скопје своето работење го обавува преку своите **43** регистрирани подружници.

Во прилог детален преглед со секоја подружница
**Подружници:**

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница Гаража 26ти Јули Скопје |
| **Под број** | 5808855/1 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Св.Кирил и Методиј Бр.1 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница ПАРКИРАЛИШТЕ ДЕПО ПАЈАК Скопје |
| **Под број** | 5808855/5 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Никола Карев Бр.1450 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница Илинден 2 Скопје |
| **Под број** | 5808855/9 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Никола Русински Бр.1017 Скопје- Карпош, Карпош |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница ТУТУНСКИ КОМБИНАТ Скопје |
| **Под број** | 5808855/10 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Пролет Скопје- Центар, Ценатар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница Паркиралиште НАРОДЕН ФРОНТ Скопје |
| **Под број** | 5808855/11 |
| **Тип** | Подружница |

## Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ - Скопје

| | |
|---|---|
| **Адреса** | Ул. Народен фронд Бр.ББ Скопје-Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница ТРАНСПОРТЕН ЦЕНТАР Скопје |
| **Под број** | 5808855/12 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Владимир Комаров Бр.670 Скопје, Аеродром, Аеродром |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница ЗОНА А Скопје |
| **Под број** | 5808855/13 |
| **Тип** | Подружница |
| **Опис** | Зона А ги опфаќа: Билевар ВМРО, Ул. Даме Груев, Ул. Орце Николов, Ул. Максим Горки, Ул. 27ми Март, Ул. 8-ма Ударна Бригада, Ул. Скопска, Ул. Црвена Скопска Општина |
| **Адреса** | Ул. Булевар Илинден Бр.336 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница ЗОНА Б Скопје |
| **Под број** | 5808855/14 |
| **Тип** | Подружница |
| **Опис** | Зона Б ги опфаќа: Ул. Свети Кирил и Методиј, Ул. Стив Нуамов, Ул. Димитрија Чуповски, Ил. Самоилова и ул.1734 |
| **Адреса** | Ул. Булевар Илинден Бр.336 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница ЗОНА Ц Скопје |
| **Под број** | 5808855/15 |
| **Тип** | Подружница |
| **Опис** | Зона Ц ги опфаќа: Ул. Орце Николов, Ул Коста Шахов, Ул. Никола Тримпаре, Ул. Мирослав Крлежа, Аминта трети, Костурски Херои, |

| | |
|---|---|
| | Св. Климент Охридски, Столе Попов |
| **Адреса** | Ул. Булевар Илинден Бр.336 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница ЗОНА Д Скопје |
| **Под број** | 5808855/16 |
| **Тип** | Подружница |
| **Опис** | Зона Д ги опфаќа: Бул. Јане Сандаски, Ул. Владимир Комаров, Ул Васил Каранѓелевски и Булевар Асном |
| **Адреса** | Ул. Булевар Илинден Бр.336 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница Паркиралиште АМСМ Скопје |
| **Под број** | 5808855/17 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Народен Фронд Бр.1 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница Паркиралиште 8-ми Септември Скопје |
| **Под број** | 5808855/18 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Париска Бр.901 Скопје- Ценатр, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница Јавни површина наменета за паркирање- зона Д-40 Скопје |
| **Под број** | 5808855/19 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Париска Бр.901 Скопје- Карпош, Карпош |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |

## Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ - Скопје

| | |
|---|---|
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница Јавно паркиралиште Клинички центар Скопје |
| **Под број** | 5808855/20 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Мајка Тереза Бр.41А Скопје, Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница Паркиралиште ТРЕСКА Скопје |
| **Под број** | 5808855/21 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Народен Фронд Бр.1 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница Паркиралиште ГРАДСКА БОЛНИЦА Скопје |
| **Под број** | 5808855/22 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Филип Втори Македонија Бр.490 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница Паркиралиште НОВА МАКЕДОНИЈА Скопје |
| **Под број** | 5808855/23 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Св.Кирил и Методиј Бр. 1 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница Паркиралиште КОЧО РАЦИН Скопје |
| **Под број** | 5808855/25 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Булевар Кочо Рацин Бр.35 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница ДЕПО ПАЈАК Скопје |
| **Под број** | 5808855/26 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Булевар Никола Карев Бр.1450 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница СК-4037-АД Скопје |
| **Под број** | 5808855/30 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Булевар Никола Карев Бр.1450 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница СК-4027-АД Скопје |
| **Под број** | 5808855/31 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Булевар Никола Карев Бр.1450 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница Паркиралиште ЗОИЛ Скопје |
| **Под број** | 5808855/32 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Стив Наумов Бр.18 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |

| | |
|---|---|
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница СК-0941-АД Скопје |
| **Под број** | 5808855/33 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Св. Кирил и Методиј Бр.1 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница СК-0945-АД Скопје |
| **Под број** | 5808855/35 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Св. Кирил и Методиј Бр.1 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница СК-0946-АД Скопје |
| **Под број** | 5808855/36 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Св. Кирил и Методиј Бр.1 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница Јавно Паркиралиште Катна Гаража БЕКО Скопје |
| **Под број** | 5808855/38 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Даме Груев Бр.14 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница СК-3047-БК Скопје |
| **Под број** | 5808855/39 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Никола Карев Бр.1450 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница СК-3048-БК Скопје |
| **Под број** | 5808855/40 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Никола Карев Бр.1450 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница Зона А0 Скопје |
| **Под број** | 5808855/41 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Тодор Александров Бр.110а Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница Зона А02 Скопје |
| **Под број** | 5808855/42 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Тодор Александров Бр.110а Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница СК-4026-АР |
| **Под број** | 5808855/43 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Никола Карев Бр.1450 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |

| | |
|---|---|
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница А06 |
| **Под број** | 5808855/44 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Максим Горки Бр.331 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница СК-4027-АР Скопје |
| **Под број** | 5808855/45 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Никола Карев Бр.1450 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница СК-7639-АУ Скопје |
| **Под број** | 5808855/46 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Никола Карев Бр.1450 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница СК-7641-АУ Скопје |
| **Под број** | 5808855/47 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Никола Карев Бр.1450 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

## Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ - Скопје

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница Кол Центар- Затворени Јавни Паркиралишта Скопје |
| **Под број** | 5808855/48 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Ѓуро Стругар Бр.15А Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница Кол Центар- Зонско паркирање Скопје |
| **Под број** | 5808855/49 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Ѓуро Стругар Бр.15А Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница А05 Скопје |
| **Под број** | 5808855/50 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Орце Николов Бр.78 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница А01 |
| **Под број** | 5808855/51 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. ВМРО Бр.1492 Скопје- Центар, Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница А03 Скопје |
| **Под број** | 5808855/52 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Даме Груев Бр.1487 Скопје- Центар Центар |

| | |
|---|---|
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница А04 Скопје |
| **Под број** | 5808855/53 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Даме Груев Бр.1487 Скопје- Центар Центар |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница Д9 Скопје |
| **Под број** | 5808855/54 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. 23 Октомври Бр.670 Скопје- Аеродром, Аеродром |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

| | |
|---|---|
| **Назив на подружница** | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје- Подружница Кол Центар Аеродром Скопје |
| **Под број** | 5808855/55 |
| **Тип** | Подружница |
| **Адреса** | Ул. Булевар Јане Сандански Бр.113 Скопје- Аеродром, Аеродром |
| **Приоритетна дејност** | 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| **Овластено лице (име и презиме)** | Михаил Петровски |
| **Адреса** | Козара Бр.18Б/19 Скопје – Центар, Центар |
| **Овластувања** | Раководител на подружница |

## 2. ОПШТИ ОДРЕДБИ

ПРАВИЛНИК ЗА СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ НА ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ -СКОПЈЕ

Со овој правилник се утврдуваат сметководствените политики кои се применуваат при составување на основните финансиски извештаи, интерните сметководствени извештаи и сметководствената евиденција, која би соодветствувала и би била прилагодена за потребите за составување на основните финансиски извештаи кои се подготвуваат за надворешни корисници, како и извештаите што се подготвуваат за потребите на менаџментот на ЈП Градски Паркинг- Скопје.

### 2.1. Основи за подготовка и презентација на финансиските извештаи

Јавното претпријатие Градски Паркинг- Скопје известува согласно со Меѓународните стандарди за финансико известување, утврдени од Одборот за меѓународни смеководствени стандарди објавени во Правилникот за водење сметководство ( Службен весник на РМ, Бр.159/09,64/10), кои ги содржат:

- Меѓународните сметкводствени стандарди- МСС
- Меѓународните стандарди за финансиско известување- МСФИ
- Толкувања за Постојаниот Комитет за толкување- ПКТ и
- Толкувања на Комитетот за толкување на меѓународното финансиско известување- КТМФИ.

## 3. ПОЛИТИКА НА ПРИЗНАВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНИТЕ СРЕДСТВА

### 3.1 Признавање

Материјалните средства се признаваат како средства според трошокот на набавката, во согласност со условите за признавање кои се наведени во МСС 16- Недвижности, постојки и опрема. За овие ставки да бидат признаени како средства треба да се исполнат следните услови:

- да е веројатна идна економска корист поврзана со тоа средство и
- набавната вредност, односно цената на чинење на средството, да може со сигурност да се измери.

### 3.2 Вреднување при почетното признавање

Трошокот за набавка, односно набавната вредност на материјалното средство (цена на чинење), кој се распоредуваат за време на корисниот век на употреба, е еднаков на износот на платени парични средства или еквиваленти на парични средства, или на објективната вредност на друг надомест којшто е даден за да се стекне едно средство во моментот на неговото стекнување или изградба.

Набавната вредност на материјалните средства ја опфаќа куповната цена, вклучувајќи ги увозните давачки и неповратните даноци, како и трошоците кои директно можат да се припишат на доведувањето на средството во работна состојба на употреба (трошоци за: подготовка на местото, рамнење, градење на потпорни зидови, канали за одводнување, трошоци за рушење на стари градби), испорака и манипулација, инсталирање и монтажа, како и услуги на стручни лица и слично). Сите трговски попусти и рабати се одбиваат за да се дојде до куповната цена.

Ставките на недвижности, постојки и опрема кои се утврдени со попис, а претходно не биле евидентирани во деловните книги, се признаваат по проценета фер вредност и во корист на останатите приходи (вишоци).

Ако сметководствената вредност е поголема од проценетиот надоместлив износ, за разликата се врши вредносно усогласување до надоместливиот износ. Добивките или загубите настанати со продажба се определуваат преку споредбата на продажната вредност со сметководствената вредност.

Кога набавката на средствата се реализира преку размена за друго средство, износот на трошокот за набавка се утврдува според фер (објективна) вредност на превземеното (набавено) средство. Ако таквата вредност не е позната тогаш според сметководствената вредност на отстапеното долгорочно материјално средство.

### 3.3 Инвестиционо одржување и инвестиционо вложување

Постои разлика меѓу инвестиционо (тековно) одржување и инвестиционото вложување на материјалните средства.

Трошоците за одржување и поправки на средствата, т.н. трошоци на инвестиционото одржување, се признаваат како расходи на периодот.

Инвестиционите вложувања се оние издатоци со кои се продолжува векот на употреба на средствот, се зголемува неговиот капацитет, се зголемува квалитетот на производите кои се произведуваат со тоа средство или се намалуваат трошоците на производство на тие производи. Вредноста на инвестиционите вложувања се додава на набавната вредност и така зголемената основица се амортизира.

### 3.4 Вреднување по почетното признавање на постојки и опрема (по модел на набавна вредност)

За вреднување на постојки и опрема по почетно признавање се применува моделот на набавната вредност, во согланост со МСС 16.

Според моделот на набавна вредност, по почетно признавање, постојките и опремата се евидентираат по набавната вредност, намалена за вкупната соодветна акумулирана амортизација и соодветна загуба од обезвреднување

### 3.5 Амортизација на недвижности, постојки и опрема

Векот на употреба за средството е периодот во кој се очекува дека ЈП Градски Паркинг-Скопје ќе го користи средството. Недвижноста, постојките и опремата се амортизираат според систематска основа низ времетраењето на корисниот век на употреба на даденото средство.

Корисниот век на употреба на секоја ставка на недвижност, постојка или опрема се проценува и определува со проценка од компетентни лица.

За материјалните средства (недвижности, постојки и опрема), основицата за пресметка на амортизацијата е набавната вредност, намалена за преостанатата вредност (остаток на вредност) на тоа средство.

Остаток на вредноста на средството е проценетиот износ кој ЈП Градски Паркинг- Скопје тековно очекува да го оствари за средството од неговата продажба, по одбивање на проценетите трошоци за продажба, доколку средството е со старост и во состојба која се очекува на крајот на неговиот корисен век. Доколку преостанатата вредност е материјално безначајна се смета дека средството има резидуална вредност еднаква на нула.

Амортизацијата на средствата се пресметува со праволиниска метода во периодите на векот на употреба.

Средствата кои се класифицирани како ситен инвентар, амбалажа и автогуми се искажуваат одвоено од НПО.

На инвестициите во тек не се пресметува амортизација.

Секоја нова набавка на основно средство првично се класифицира како материјални средства во подготовка а понатака врз основа на одлуки кога истото се става во функција се прераспределува кај соодветното основно средство .

Стапките на амортизација се определуваат на следниот начин:

Градежни објекти:

- градежни објекти на високоградба и нискоградна од армирано бетонска и метална конструкција (згради, мостови, тунели, надвозници, нафтоводи, гасоводи, водоводи и далекуводи), како и градежни објекти кои се сметаат за самостојни градежни објекти------------------------------------------------------------------------------------------------2,5%
- градежни објекти на нискоградба со горен строј (горен строј на патишта и пруги, брани, насипи, прегради и сл)-----------------------------------------------------------------3%
- градежни објекти на високоградба и ниско градба од дрвена конструкција-----------5%
- останати неспоманти градежни објекти-----------------------------------------------------10%

Опрема:

- опрема за производство и преработка, дистрибуција на нафта, гас, електрична и топлинска енергија, опрема за водовод и комунални услуги и бродови--------------5%
- погонски и деловен инвентар (машини, алати, транспосртни средства и уреди), авиони и други превозни средства и опрема во воздушниот сообраќај------------10%
- мебел и деловен инвентар во трговија, угостителство и туризам, опрема за затоплување, вентилација и за оджување на канцелариски и други простории, канцелариски и друг мебел како и друга опрема за врешење на кацелариски работи-------------------------------------------------------------------------------------------------20%
- компјутеска опрема со софтвер, телекомуникациска опрема, патнички моторни возила, возила на моторен погон и приклучни уреди------------------------------------25%
- останата неспомната опрема-----------------------------------------------------------------10%
- останати неспомнати долгорочни средства-----------------------------------------------10%

Земјиште не се амортизира.

Амортизација на средство почнува кога истото се става во употреба, т.е кога се наоѓа на локацијата и во условите неоходни за истото да биде оперативно способно на начин предвиден од раководството.

Амортизацијата на средство престанува кога средството е отпишано. Амортизацијата не престанува кога средството лежи неискористено или се повлекува од активна употреба освен ако средството не стане целосно амортизирано.

Пресметувањето на амотизацијата престанува кога ставката на недвижност, постојка или опрема ќе се отпише, како и кога ќе се рекласифицира како средство наменето за продажба во согласност со соодветните одредби на овие сметководствени политики.

### 3.6 Отпишување (повлекување од употреба и отуѓување)

ЈП Градски Паркинг- Скопје ја отпишува ставката на недвижности постојки и опрема:

- Кога се отуѓува или
- Кога не се очекуваат идни економски користи од нејзината употреба или отуѓување

ЈП Градски Паркинг- Скопје ја признава признаената добивка или загуба при отпишување на ставка на недвижности, постојки и опрема во добивката или загубата кога ставката се отпишува.

ЈП Градски Паркинг- Скопје ја одредува признаената добивка или загуба како отпишување на ставка на недвижности, постојки и опрема како разлика помеѓу нето приливите од оттуѓувањето, ако такви има, и сметководствена вредност на ставката.

Недвижностите, постојките и опремата кои во согласност со МСФИ 5- Нетековни средства кои се чуваат за продажба и прекинати работења, ги исполнуваат критериумите да бидат класифицирани како нетековни средства кои се наменети за продажба се вреднуваат во согласност со одредбите на овие сметководствени политики кои се однесуваат на нетековни средства наменети за продажба.

### 3.7 Вложувања во туѓи недвижности, постојки и опрема

Вложувањата кои се вршат во туѓи недвижности, постојки и опрема- кои се земени под закуп, се признаваат како посебни ставки на нетековни средства, во случај кога таквите вложувања се извршени со сопствено име и за сопствена цел, а се во согласност со договорот за закуп кој е направен со сопственикот на закупеното средство.

Амортизацијата на вложувањата се вршат по системската основа според проценетиот век на употреба, кој може да биде еднаков или пократок од периодот на траење на договорот за закуп.

### 3.8 Алат и инвентар

Под алат и ситен инвентар се сметаат правата односно предметите чиј поединечен трошок на набавка е до 300 евра во денарска противредност и чиј корисен век на употреба е помал од една година, односно еден пресметковен период.

### 3.9 Средства набавени во финансиски лизинг

При почетно признавање, лизинг набавката се признава како средство (опрема) во висина на набавната вредност и долгорочната обврска во износ на главнината на долгот.

Лизинг каматата се признава како финансиски трошок во текот на траењето на лизингот.

## ВЛОЖУВАЊА ВО НЕДВИЖНОСТИ

### 3.10 Признавање

Недвижностите (земјиште и/или градежен објект) кои не се користат за потребите на деловното работење и извршување на дејноста, и се поседуваат за остварување на приходи од издавање под закуп или за зголемување на вредноста на недвижноста, се класифицираат како вложувања во недвижности, во согласност со МСС 40- Вложувања во недвижности.

### 3.11 Вреднување

По почетното признавање, вложувањата во недвижности се вреднуваат по метод на фер вредност и не подлежат на обврски за пресметка на амортизација, како и утврдување на потенцијално обезвреднување.

Фер вредноста на вложувањата во недвижности е нивната пазарна вредност која ја одредува квалификуван проценител.

Добивките или загубите кои се настанати поради промена на фер вредноста на вложувањата во недвижности се признаваат како приход, односно расход за периодот во кој се направени.

### 3.12 Дополнителни трошоци

Дополнителните трошоци кои се поврзани со вложувањата во недвижности, сметководствено се опфаќаат на начин на кој е утврдено за недвижности, постојки и опрема.

## 5. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

### А) Дефиниција

Нематеријално средство е немонетарно средство без физичка супституција кое може да се идентификува. Такво средство може да се идентификува кога:

- Може да се издвои т.е способно да се издвои или оддели од ЈП Граддски Паркинг- Скопје и да се продаде на друг, издаде под дозвола, издаде под наем или да се размени, или поединечно или заедно со поврзан договор, средство или обврска, или
- Произлегува од договорни или други законски права, без оглед дали таквите права се пренесливи или издвоени од ЈП Градски Паркинг- Скопје или од други права и обврски.

### Б) Признавање

ЈП Градски Паркинг- Скопје признава одредена ставка како нематеријално средство ако, и само ако:

- Е веројатно дека една економска корист која му се припишува на средството ќе претставува прилив за ЈП Градски Паркинг- Скопје
- Трошокот или вредноста на средството може да се измери веродостојно и

- Не резултира од интерно генерирани трошоци направени за развој на нематеријалното средство.

Издатоците за истражување не може да се третираат како средство

**В) Вреднување при почетното признавање**

ЈП Градски Паркинг- Скопје го мери нематеријалното средство на почетокот според набавната вредност.

Набавната вредност за одделно стекнато нематеријално средство се состои од:

- Набавна цена, вклучително и царина и неповратни даноци при набавка, по одземањето на трговските попусти и рабатите и
- Кој било друг трошок што може директно да се припише на подготвување на средството да се стави во употреба.

**Г) Вреднување по почетно признање (по моделот на набавна вредност)**

ЈП Градски Паркинг- Скопје го мери нематеријалното средство според набавната вредност намалена за акумулираната амортизација и било кои други акумулирани загуби поради обезвреднување.

**Д) Почеток и престанок на пресметка на амортизација**

Амортизацијата започнува кога нематеријалното средство се става во упoтеба, т.е кога се наоѓа на локацијата и во условите неоходни за истото да биде оперативно способно на начин предвиден од раководството.

Амортизацијата престанува кога средството се отпишува.

**Ѓ) Амортизација**

Износ кој подлежи на аморизација (основица за амотизација) претставува набавната вредност на средството, или друг износ кој е замена за набавната вредност (во финансиските извештаи), намалена за остатокот на неговата вредност.

Остаток на вредноста на нематеријалното средство е проценетиот износ кој ЈП Градски Паркинг- Скопје тековно очекува да го оствари за нематеријално средство од неговата продажба, по одбивање на проценетите трошоци за продажба, доколку средството е со старост и во состојба која се очекува на крајот на неговиот корисен век.

ЈП Градски Паркинг- Скопје претставува дека остатокот на вредноста на нематеријалното средство изнесува нула, освен ако:

- Постои обврска од трета страна да го купи тоа нематеријално средство на крајот од неговиот корисен век или
- Постои активен пазар за нематеријалното средство и:
    - Остатокот на вредноста може да се одреди според тој пазар и
    - Е веројатно дека таков пазар ќе постои и на крајот од корисниот век на нематеријалното средство

Корисниот век на нематеријалното средство кој произлегува од договорни или други законски права не смее да го надмине периодот на договорните или другите законски

права, но може да биде пократок, зависно од периодот во кој ЈП Градски Паркинг- Скопје очекува да го користи тоа нематеријално средство. Доколку договорните или други законски права се однесуваат на ограничен рок кој може да се обнови, корисниот век на нематеријалното средство ќе го вклучи и обновениот период(и) само доколку постои доказ како поткрепа на обновување од страна на ЈП Градски Паркинг- Скопје без значителни трошоци.

Стапки на амортизација на нематеријалните средства се:

- Компјутерски софтвер------------------------------------------------------- 20%
- Долгорочни нематеријални средства------------------------------------ 20%

ЈП Градски Паркинг- Скопје применува праволиниски метод на амортизација на нематеријалните долгорочни средства.

Доколку ЈП Градски Паркинг- Скопје не може да направи веродостојна проценка на корисниот век на нематеријалното средство, неговиот животен век се претпоставува дека изнесува десет години (10% амортизациона стапка).

ЈП Градски Паркинг- Скопје избира таков метод на амортизација кој го одразува образецот според кој се очекува да се троши идната економска корист на средството. Доколку ЈП Градски Паркинг- Скопје не може веродостојно да го одреди образецот, ќе го применува праволинискиот метод.

**Е) Отпишување (повлекување од употреба и отуѓување)**

Нематеријалните средства се отпишуваат од деловните книги во моментот на отуѓување или кога трајно се повлекуваат од употреба, а од нивното отпишување не се очекува никаква идна економска корист.
Добивките или загубите кои настануваат со повлекување на средството од употреба се утврдуваат како разлика помеѓу проценетата нето добивка од располагање со тоа средство и неговата сметководствена вредност и се признаваат како приход или расход за периодот во кој се настанати.

## НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА ШТО СЕ ЧУВААТ ЗА ПРОДАЖБА

Нетековното средство се класифицира како средство наменето за продажба во согласност со МСФИ 5- Нетековни средства кои се чуваат за продажба и прекинати работења, доколку неговата сметководствена вредност може првенствено да се поврати преку продажна трансакција, а не преку продолжување со користење.

За едно средство да се класифицира како нетековно средство наменето за продажба според условот од став 1 од член 27, потребно е да се исполнат и дополнителни услови:
- Средството е достапно за моментална продажба во тековната состојба во која се наоѓа,
- Продажбата на средството е веројатно да се реализира во рок од една година од денот на признавање како нетековно средство наменето за продажба, под што се подразбира дека постои план или одлука за продажба на средство. За продажба на средството да биде веројатна, мора да постои пазар за тоа средство, а

понуденатра цена да биде разумно утврдена за да се овозможи продажба во рок од една година.

**А) Вреднување**

Нетековните средства кои се рекласифицирани како нетековни средства што се чуваат за продажба се вреднуваат по пониска вредност од:

- Сметководствената (сегашна) вредност и
- Фер вредноста намалена за продажните трошоци.

Сметководствената вредност претставува вредност по која средството се води во деловните книги во моментот на неговата рекласификација како средство наменето за продажба.

Фер вредноста е пазарната вредност на денот на продажбата. Трошоците за продажба се трошоци кои можат директно да се припишат на продажбата на средството и кои не вклучуваат финансиски трошоци или даноци. Трошоците за продажба се утрдуваат според вредноста во моментот на проценката, а не според износот кој се очекува во моментот на идната продажба.

Ако сметководствената вредност е пониска од проценетата фер вредност намалена за продажните трошоци, вредноста по која нетековносто средството наменето за продажба се вреднува во деловните книги, останува непроменета. Но, доколку сметководствената вредност е поголема од фер вредноста намалена за продажните трошоци, сметководствената вредност треба да се корегира и да се сведе на износот на фер вредноста намален за продажните трошоци.

Разликата помеѓу повисоката сметководствена вредност и пониската фер вредност се прикажува како расход по основ на обезвреднување.

**Б) Амортизација**

По истекување на месецот во кој нетековното средство е рекласифицирано во нетековното средство наменето за продажба, се прекинува со пресметка на амортизацијата.

**В) Промена на планот за продажба**

Доколку нетековното средство кое е рекласицирано во нетековно средство наменето за продажба во Извештајот за финансиска состојба сеуште не е продадено се врши преиспитување за тоа дали сеуште се исполнети условите за средството да биде класифицирано како нетековно средство наменето за продажба.

Ако критериумите не се исполнети се врши рекласификација на нетековното средство кое се користи за извршување активности.

Во случај, нетековното средство треба да биде вреднувано по пониска вредност од:

- Неговата сметководствена вредност пред да биде класифицирано како средство кое е наменето за продажба, усгласено за амортизација и обезвреднувањето кои би биле поризнати доколку средството никогаш не било класифицирано како нетековно средство наменето за продажба.

- Неговата надоместлива вредност на датумот на одлуката нетековнвното средство да не се продава.

**ЗАЛИХИ**

Залихите се средства:

- Што се чуваат за продажба во редовниот тек на работењето:
- Во процесот на производство за идна продажба
- Во вид на суровини или помошни материјали што ќе бидат потрошени во процесот на производство или во давањето на услуги

Залихите на ЈП Градски Паркинг- Скопје ги опфаќаат: суровините, материјалите, резервните делови, ситниот инвентар, амбалажата и автогумите, ХТЗ опремата, горивото и др.

**А) Вреднување на залихите**

ЈП Градски Паркинг- Скопје во набавната вредност на залихите ги вклучува сите трошоци за набавка, трошоците за конверзија и другите трошоци направени залихите да се донесат до нивната сегашна локација и состојба.

Трошоцте за набавка на залихите се состојат од набавната цена, увозните давачки и другите даноци (освен оние што може да се повратат од даночните органи), трошоците за транспорт, ракување и др.) трошоци. Комерцијалните попусти, рабати и др. Слични ставки се одземаат при утврдување на трошоците за набавка.

**Б) Трошковни формули**

ЈП Градски Паркинг- Скопје ја мери набавната вредност на залихите со користење на трошковната формула на пондериран просек.

**В) Ситен инвентар, амбалажа и автогуми и ХТЗ опрема**

- Ситниот инвентар на залиха се отпишува еднократно при ставање во употреба
- Амбалажата и автогумите се отпишуваат еднократко при ставање во употреба
- ХТЗ опрема се отпишува еднократно при ставање во употреба

**Г) Признавање како расход**

Кога залихите се потрошени, ЈП Градски Паркинг- Скопје ја признава сметководствената вредност на тие залихи како расход во периодот во којшто е признаен поврзаниот приход.

Намалувањето на вредноста на залихите се спроведува во време на редовниот годишен попис, а врз основ на проценка за оштетеност, дотраеност на залихите и сл.

Намалувањето на вредноста на залихите се врши на товар на расходите на периодот, вклучувајќи го и секое нивелирање (сведување) по пат на отпис до нето реализационата вредност.

Трошоците на услугите ги сочинуваат директните и индиректните трошоци кои се настанати со пружање на услугите. Директните трошоци за услугите се директни трошоци за работата на пероналот кој учествува во пружање на услугата, директни трошоци за материјални и останати директни трошоци како што е ангажирањето на надворешен

екперт. Индиректните трошоци за амортизација за одржување на опремата која учествувала во вршење на услугата, трошоци за нагледување на персоналот и слично.

### УЧЕСТВО ВО КАПИТАЛОТ

Вложувањето во зависни и поврзани правни лица се признаваат по методот на набавна вредност.

Согласно став 1 од член 38, вложувањето во зависни и поврзани правни субјекти се искажува по трошок на набавка без вклучување на промени на вредноста на учеството кои потекнуваат како резултат од други основи.

Проценката на загубата од обезвреднување на вложувањето во поврзани правни субјекти се заснова на уделот во тековната вредност на проектираните идни парични текови кои ќе бидат остварени од страна на поврзаниот правен субјект, вклучувајќи и парични текови од работа на поврзани страни субјекти и приноси по основ на оттуѓување на вложувањата.

### ПОЛИТИКА НА ПРИЗНАВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИТЕ ПОБАРУВАЊА

Побарувањата од подружници и други претпријатија, побарувања од купувачите, побарувања за повеќе исплатени износи од добивката, побарувања од вработените, побарувања од државата и другите институции и останати побарувања се искажуваат по номинална вредност зголемена за каматите согласно склучениот договор односно одлуката за исплата.

Побарувањата кои се искажани во девизи се пресметуваат според среден курс од Народна Банка на Република Македонија на денот на Извештајот за финансиската состојба. Ефектот од промените на девизниот курс од датумот на трансакција до датумот на наплата се утврдуваат преку курсните разлики кои се евидентираат како приход, односно како расход за периодот.

Намалувањето на вредноста на побарувањата се спроведува задолжително кога должникот е во постапка на стечај или ликвидација. Вредноста на побарувањата за исправката за сомнителни и спорни побарувања, односно за вредносното усогласување на побарувањата според рочната структура.

Според рочноста а во согласност со Законот за облгационите однсои (Сл. Весник на РМ Бр.18/01,4/02,5/03,84/08,81/09 и 161/09 и Одлуки на Уставен суд Бр.78/01,59/02) побарувањата застаруваат во рок од 3 (три) години.

### ПОЛИТИКА НА ПРИЗНАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА

#### А) Хартии од вредност и удели

Хартиите од вредност се класифицираат како:

- Хартии од вредност по фер вредност
- Хартии од вредност кои се чуваат до нивното доспевање
- Хартии од вредност расположливи за продажба

Вложувањата во акции или удели се искажува според трошокот на стекнување. Акциите и уделите се водат според методот на трошок на вложување (набавна вредност вклучувајќи ги и трансакционите трошоци).

**Б) Хартии од вредност по фер вредност**

Оваа категорија содржи две подкатегории: хартии од вредност кои се наменети за тргување и хартии од вредност кои се евидентираат по фер вредност

Хартиите од вредност се класифициираат како средства наменети за тргувања доколку се стекнати поради продажба во краток рок.

Хартиите од вредност кои се класифицираат како хартии од вресност по фер вредност, во првичното признавање се вреднуваат по фер вредност, со тоа што трансакциските трошоци не се вклучуваат во нивната вредност, туку се признаваат како трошоци за периодот.

Пазарните хартии од вредност (наменети за тргување) се мерат според тековната пазарна цена (берзанска цена).

Најдоцна при секое составување на Извештајот за финансиска состојба се утврдува фер вредноста, а ефектот врз основа на примена на фер вредноста се признава како приход или расход во Извештајот за сеопфатна добивка.

**В) Хартии од вредност кои се чуваат до доспевање**

Хартии од вредност кои се чуваат до нивно доспевање, како што се благајничките записи, комерцијалните записи, дисконтирани меници и обврзници во странска валута кои потекнуваат од девизно штедење, се недеривативни финансиски средства со фиксна или одредлива исплата и фиксно доспевање за кое раководството има позитивна намера и можност да ги чува до нивното доспевање. Ако раководството одлучи да ги продаде овие средства, целата категорија се рекласифицира во средства расположливи за продажба.

Хартиите од вредност кои се чуваат до нивно доспевање се искажуваат по амортизирана вредност, со примена на методот на ефективен принос. Амортизираната вредност се пресметува со земање предвид на сите дисконти или премии при купувањето, во тек на периодот до доспевање.

Износот на загубата од обезвреднување на хартии од вредност кои се чуваат до доспевање се песметува како разлика помеѓу сметководствената вредност на вложувањето и моменталната вредност на очекуваните парични текови, дисконтирани по оргиналната каматна стапка на вложување и се искажува во Извештајот за сеопфатна добивка.

**Г) Хартии од вредност расположливи за продажба**

Непазарните хартии од вредност (расположливи за продажба) се мерат според проценетата објективна вредност.

Хартиите од вредност кои се расположливи за продажба по првичното признавање се искажуваат по нивната фер вредност, освен доколку немаат котирана пазарна цена на активниот пазар и нивната објективна вредност не може да се опрдели.

Ефектот по основ на промена на фер вредноста на фартијата од вредност која е расположлива за продажба се признава во рамки на капиталот, како ревалоризациона резерва.

## ПОЛИТИКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА

Дадените заеми, депозити и кауции се искажуваат според нивната номинална вредност, согласно договор. Пресметаните камати се капитализираат по нивната достасаност, согласно акес на договорот.

Останатите краткорочни вложувања се искажуваат по набавната вредност, зголемена за каматата согласно склучениот договор.

## ПОЛИТИКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА РЕЗЕРВИТЕ

Резервите се искажуваат по номинална вредност со издвојување од нето добивката и тоа посебно за законските резерви, посебно за статутарните резерви и за останатите резерви.

## ПОЛИТИКА НА ИСКАЖУВАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА

Данокот на добивка (данокот на непризнати расходи) се утврдува и се плаќа според Годишниот даночен биланс и истиот претставува одбитна ставка од финансискиот резултат пред оданочување во Билансот на Успех (Извештајот за сеопфатна добивка).

### А) Одложен даночен трошок

Признавање на одложен данок- одложени даночни средства и одложени даночни обврски, се врши сoгланcо со МСС 152- Данок на добивка.

## ПОЛИТИКА ЗА АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

Однапред платените трошоци за идни периоди се искажани како активни временски разграничувања, а се пресметуваат во трошоци на периодот за кој се однесуваат. Причината за разграничувањето, како и износот кој се однесува на идните периоди мора да бидат искажани на соодветна сметководствена исправа.

Приходите кои се пресметани во корист на тековниот период, а немаат елементи за да се искажат како побарување, се искажуваат како активни временски разграничувања. Кога ќе се стекнат услови за исполнување на документ врз основа на кој се стекнуваат побарувањата, временските разграничувања се пренесуваат на сметките на побарувањата. Основата за приходување и искажување на таквите износи на временските разграничувања мора да биде утврдена со соодветна сметководствена исправа.

## ПОЛИТИКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ЗАПИШАНИОТ КАПИТАЛ

Запишаниот (основен) капитал се искажува на посебна сметка во износ кој е запишан во трговскиот регистар при основање, односно промената на уписот на вредноста на капиталот.

## ПОЛИТИКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ЗАДРЖАНАТА (АКУМИЛИРАНА) ДОБИВКА/ ЗАГУБА

Во деловните книги на ЈП Градски Паркинг- Скопје посебно се искажува задржаната (нераспоредена) добивка, а посебно искажаната загуба од работењето.

Искажаната загуба од работењето може да се покрие со задржаната добивка само по одлука на ЈП Градски Паркинг- Скопје, а во согласност со одредбите на Законот за трговски друштва.

Доколку настане загуба, истата се покрива од сите позиции на капиталот.

## ПОЛИТИКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ДОБИВКАТА ИЛИ ЗАГУБАТА ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА

Добивката или загубата во тековната година во Извештајот за финансиската состојба се искажува по оданочувањето како добивка, односно загуба од работењето во тековната година.

## ОБЕЗВРЕДНЕТ ИМОТ

Одредбите од член 54 од Правилникот се однесуваат на следните видови на имот:

- Недвижност (земјиште и градежни објекти)
- Постојки и опрема
- Нематеријални средства
- Учество на капитал во зависни и поврзани правни субјекти

Ако на денот на Извештајот за финансиска состојба постојат индикации дека вредноста на некое средство од овој член е намалена, се врши проценка на надоместлива вредност. Надоместлива вредност претставува нето продажната цена или употребната вредност, во зависност која од овие две е повиска.

Ако надоместливата вредност е помала од неговата сметководствена вредност, сметководствената вредност се сведува на надоместлива вредност и истовремено за износот на загубата од обезвреднување се признава расход за перидоот.

Ако на денот на Извештајот за финасиската состојба постојат индикации претходно признатата загуба од обезвреднување повеќе да не постои или да е намалена, се врши проценка на надоместливата вредност на средството.

## ТРОШОЦИ ЗА ПОЗАЈМИЦИ

Трошоците за позајмици се признаваат како расходи за периодот во кој се настанати, освен оние кои се капитализирани.

Трошоците за позајмиците директно припишани на стекнување, изградба или производство на средства кои се квалификуваат согласно со МСС 23, се капитализираат како составен дел од набавната вредност, односно цената на чинење на средството.

Капитализација на трошоците од позајмици се врши во случај на изградба на објект или некое друго средство на кое му е потребен значителен временски период за да биде подготвено за употреба или продажба.

Капитализација на трошоци од позајмица се врши и за залихи за кое е потребен значителен временски периоди за да се подготват за продажба.

Капитализација на трошоците од позајмици се врши од почетокот на периодот на вложување во средството до моментот кога се завршени сите активности кои се неоходни за средството да се подготви за планираната употреба или продажба.

## ЕФЕКТИ ОД ДЕВИЗНИТЕ КУРСЕВИ

Трансакциите во странски валути, при почетното признавање, се евиднетираат во денарска противредност, со примена на средниот курс од НБМР кој важи на денот на трансакцијата.

На секој датум на изготвување на Извештајот на финансиската состојба, паричните ставки (девизните средства, побарувања и обврски) се пресметуваат со примена на заклучниот курс (курсот на денот кога се изготвува извештајот).

Курсни разлики кои настанале по основ на трансакција во странска валута се признаваат како приход или расход за периодот во кој настанале.

## ПОЛИТИКА НА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА

Парите на сметките во денари кај комерцијалните банки се водат во номинални износи според доставениот извод за состојбата на прометот на тие сметки.

Парите во благајна во денари се искажуваат по номинала вредност.

Висината на благајничкиот максимум се одредува со посебна одлука.

Девизите на сметките на банката и благајната се искажуваат по среден курс на Народната Банка на Република Македонија на денот на изготвување на Извештајот на финансиска состојба.

Пресметувањето на девизите се врши секогаш на денот на промената на состојбата на сметката (благајната) и на крајот на месецот.

За целите на составување на Извештајот за парични текови:

- Паричните средства ги опфаќаат готовината во касите и депозитите во видување (денарки и девизни)
- Паричните еквиваленти ги опфаќаат краткорочните, високо ликвидни вложувања, кои брзо можат да се конвентираат во парични средства и кои се предмет на безначаен ризик во промената на нивната вредност (рок на достасаност до 3 месеци и помалку).

## ПОЛИТИКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ОБВСРКИ

Обрските спрема поврзаните претпријатија, обврските по заеми обврските спрема кредитните институции, обврските за аванси, обврските спрема добавувачи и останатите долгорочни обврски се искажуваат по номинална вредност, зголемена за достасаните камати според склучениот договор.

Долгоролните резервирања се искажуваат како долгорочни обврски за гаранции и отпремнини.

Обврските искажани во девизи се пресметуваат по среден курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на изготвување на Извештајот на финансика состојба, но и на крајот на секој месец во случај кога се отплаќаат долгови.

## ПОЛИТИКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

Обврските по заеми, обврските спрема кредитните институции, обврските за аванси, депозити и гаранции, обврските спрема добавувачите, обврските спрема вработените, обврските за даноци,придонеси и други давачки, обврските врз основа на удел во резултатот и останатите краткорочни обврски се искажуваат во вредност која е искажана во соодветна сметководствена исправа, зголемена за каматите според склучениот договор, пропис, односно одлука на надлежниот орган на ЈП градски Паркинг- Скопје.

Овие обврски се класифицираат како краткорочни, доколку на датумот на изготвување на Извештајот на финансиската состојба рокот на доспевање им е до 12 месеци.

Обврските по меници и чекови, односно останати хартии од вредност се искажуваат по номинална вредност на хартиите од вредност кои ги сочинуваат краткорочните обврски на друштвото, зголемена за каматата, ако е договорена или утврдена со одлука за издавање на хартии од вредност.

## ПОЛИТИКА ЗА ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

На товар на пресметковниот период се пресметуваат и трошоците за кои не постојат соодветни сметководствени исправи за да можат да се признаат како обврска, а за кои со сигурност може да се утврди дека се однесуваат на тековниот пресметковен период. Кога ќе се прибават документи за признавање на обврските, се врши укинување на временските разграничувања во корист на сметките на обврските.

Приходите за кои нема услови за признавање во тековниот пресметковен период, според МСС 18, се одложуваат преку временски разграничувања за идни периоди.

Во корист на временските разграничувања се евидентираат и наплатените приходи кои се однесуваат за идните периоди, а за кои не било искажано соодветно побарување.

## ПОЛИТИКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ

### А) Дефиниција за приходи и расходи

Приходите ги опфаќаат приходите и добивките.

Приходите настануваат со вршење на редовни активности. Приходи од редовни активности се приходи од продажба на приходи, стока и услуги, камати, дивиденди, авторски надомести, закупнини и др.

Добивките преставуваат други ставки кои ја задоволуваат дефиницијата на приходите и можат, но не мора, да настанат со вршење на редовни активности. Добивките претставуваат раст на економската вредност и како такви не се разликуваат од приходите. Добивките опфаќаат добивки кои настануваат со оттуѓување на нетековните средства, како нереализирани добивки, како што се добивки кои настануваат од ревалоризација на хартиите од вредност расположливи за продажба и добивки кои се

резултат на зголемување на сметководствената вредност на нетековните средства. Добивките се прикажуваат во нето износ, откако ќе се намалат за соодветните расходи.

Расходите опфаќаат загуби и расходи кои настануваат како последица на редовна активност. Расходите кои настануваат како последица на редовна активност опфаќаат трошоци за продажба, заработка, амортизација и други деловни расходи.

Загубите преставуваат други ставки кои ја задоволуваат дефиницијата за расходи и можат, но не мораат да настанат како последица на редовна активност. Загубите претставуваат намалување на економската вредност и како такви не се во својата природа различни од останатите расходи.

Загубите опфаќаат, на пример, загуби кои се последица на катастрофа, како што се пожар и поплава, како и загуби кои настануваат со отуѓување на нетековните средства. Дефиницијата за расходи, исто така, вклучува и нереализирани загуби, на пример оние кои настануваат од ефект на промена на девизните курсеви. Загубите обично се прикажуваат на нето основа без приходот кој е соодветен на нив.

**Б) Признавање на приходите**

Приходите се мерат според објективната вредност на примениот надомест или подобрувањето. Приходите се признаваат ако изтовремено пораснат средтствата или се намалат обврските.

Приходите од продажба на производи се признаваат ако:

- На купувачот се пренесени сите ризици и користи од сопственоста над производите
- Друштвото не задржува, ниту трајно управување, ниту контрола над производите
- Износот на приходите може да се измери
- Е веројатно дека продадените производи ќе се наплатат
- Трошоците кои настанале или ќе настанат во врска со продажбата може со сигурност да се измерат

Ако во моментот на настанувањето на настанот се процени дека наплатата не е извесна, приходите се одложуваат. За реализација од претходните пресметковни периоди и за онаа која во тековниот пресметковен период е пресметана во корист на приходите се врши исправка на побарувањата на товар на трошоците.

За приходите што не се дефинирани со овој акт се применува Меѓународниот сметководствен стандард 18 и другите стандарди.

**В) Признавање на расходите**

Расходите се признаваат согласно Рамката за составување и презентирање на финансиските извештаи (МСФИ).

Во политиката за признавање расходи, друштвото се придржува до следниве критериуми:

- расходите имаат за последица намалување на средствата или зголемување на обврските, што е возможно да се измери со сигурност;

- расходите имаат директна поврзаност со настанатите трошоци и посебните позиции на приходите;
- кога се очекува остварување на приходите во повеќе идни пресметковни периоди, тогаш признавањето на расходите се извршува со постапката на разумна алокација на пресметковни периоди;
- расходот веднаш се признава во пресметковен период кога издатокот не остварува идни економски користи, а нема услови да се признае како позиција на активата во билансот;
- расходот веднаш се признава во пресметковниот период и тогаш кога настанала обврската а нема услови да се признае како позиција на активата.

Сите трошоци и расходи кои се однесуваат на пресметковниот период мораат да бидат опфатени во финансиските извештаи.

**ДРЖАВНИ ПОДДРШКИ**

Државни поддршки се помош од страна на државата во форма на пренос на ресурси на еден ентитет за возврат на минато или идно исполнување на определени услови коишто се однесуваат на оперативните активности на ентитетот. Поддршки што се однесуваат на средствата се државни поддршки чиј примарен услов е ентитетот кој се класифицира за нив да купи, изгради или на друг начин се стекне со долгорочни средства. Поддршки што се однесуваат на приходите се државни поддршки освен оние кои се однесуваат на средствата.

Државните поддршки понекогаш се нарекуваат со други имиња како што се дотации, субвенции или премии (МСС 20,6)

Државните поддршки ЈП Градски Паркинг- Скопје ги признава по објективна вредност кога постои разумно уверување дека се исполнети условите поврзани со нив и дека поддршките ќе бидат примени.

Државните поддршки ЈП Градски Паркинг- Скопје ги признава во добивката или загубата на системска основа во периодите во кои ги признава како расходи поврзаните трошоци за кои поддршките се наменети да ги надоместат.

Државните поддршки ЈП Градски Паркинг- Скопје ги презентира во извештајот за сеопфатна добивка, посебно или по општиот наслов како што е Останати приходи,

**ПРИНЦИПИ НА КОНСОЛИДАЦИЈА**

Финансиските извештаи на матично и на зависните правни субјекти се консолидираат со примена на методот за потполна консолидација.

Методот на потполна консолидација се применува независно од процентот на учество во капитално зависните правни субјекти чии финансиски извештаи се консолидираат.

Малцинскиот интерес во капитално зависните правни субјекти, како и во нето резултатот, се прикажува посебно во консолидираните финанисики извештаи.

Пропорционалната консолидација се применува за правни субјекти кои се во сопственост, под контрола, а со кои се управува заедно со деловните партнери. Поединечните

средства, обврски, приходи и расходи се консолидираат пропорционално на учеството во капиталот на заедничкиот правен субјект.

Вложувањето во поврзан правен субјект, за потребите на составување на косолидирани финансиски извештаи, сметководствено се прикажува со примена на методот на главнина, во согласност со МСС 28.

## ГРЕШКИ ОД ПРЕТХОДНИОТ ПЕРИОД

Материјално значајна грешка која е отриена во тековниот период, а се однесува на претходниот период и која, при тоа, има значително влијание на финансиските извештаи на еден или повеќе претходни периоди, со што претходните финансиски извештаи не може да се сметаат за веродостојни, се смета за грешка од претходниот период, согласно на МСС 8- Сметководствени политики, промена на сметководствените проценки и грешки.

Грешката од претходниот период се поправа, така што за износот на таа грешка се врши корекција на почетната состојба на пренесениот резултат, односно соодветната позиција во Извештајот за финансиската состојба, доколку грешката е од таква природа да не влијае на резултатот.

Материјално безначајните грешки се признаваат како приход или расход на тековниот период.

Материјалноста на грешките се проценува од случај до случај во моментот кога ќе се открие грешката.

## НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА

За ефектите од деловните случувања кои настануваат во периодот помеѓу издавање на Извештајот на финансиска состојба и датумот кога се одобруваат финансиските извештаи, и се во директна врска со состојбата на позициите кои постојат на датумот на издавање на Извештајот на финансиска состојба, се врши корекција на претходните признаени износи во финансикиот извештај (пример, наплатено побарување за кое претходно била извршена испарвка).

За ефектите од деловните случувања кои настануваат во периодот помеѓу издавање на Извештајот за финансиска ситуација и датумот кога се одобруваат финансиските извештаи, а се однесуваат на околности кои не постоеле на датумот на Ивештајот за финансиска состојба, во белешките кон финансиските извештаи се врши обелоденување на природата на случувањето и процена на неговиот финансиски ефект.

## ПРОМЕНА НА СМЕТКОВОДСТВЕНИТЕ ПОЛИТИКИ

Сметководствените политики кои се утврдени со овој правилник се применуваат од период до период на козистентна основа.

Сметководствената политика се менува доколку тоа е утврдено со измена или донесување на нов МСС/МСФИ.

Промена на сметководстевните политики може да се направи доброволно, ако се процени дека новата сметководствена политика води кон подобра презентација на случувањата и позициите во финансиските извештаи.

За промените во сметководствените политики одлучува раководството на ЈП Градски Паркинг-Скопје.

Новата сметкодствена политика се применува ретроактивно, кога тоа се бара од МСС/МСФИ, како од секогаш да била во примена, освен кога износот за корекција не може прецизно да се утврди, во случај новата сметководствена политика се применува на перспективна основа.

Ефектот кој настанува од ретроактивна примена на новите сметководствени политики се признава како корекција на пренесениот резултат, во согласност во МСС 8.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За оние средства , обврски, приходи и расходи за кои во овој акт не се утврдени сметководствени политики ќе се применува основниот третман утврден во соодветните МСФИ.

## 5. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (2023)

**во илјади денари**

| ОПИС | Патенри лиценци | Софтвер проекти | Средства во подготовка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Набавна на 01.01.2023 | 1.675 | 4.003 | - | 5.678 |
| Зголемување | - | 125 | 589 | 714 |
| Намалување | - | - | 125 | 125 |
| Набавна на 31.12.2023 | 1.675 | 4.128 | 464 | 6.267 |
| Исправка на 01.01.2023 | 1.628 | 3.368 | - | 4.996 |
| Амортизација | 13 | 209 | - | 222 |
| Намалување | - | - | - | - |
| Салдо на 31.12.2023 | 1.641 | 3.577 | - | 5.218 |
| Нето сметкводствена на 31.12.2023 | 35 | 551 | 464 | 1.050 |

## НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (2022)

**во илјада денари**

| ОПИС | Патенри лиценци | Софтвер проекти | Средства во подготовка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Набавна на 01.01.2022 | 1.643 | 4.003 | 32 | 5.678 |
| Зголемување | 32 | - | - | 32 |
| Намалување | - | - | 32 | 32 |
| Набавна на 31.12.2022 | 1.675 | 4.003 | 0 | 5.678 |
| Исправка на 01.01.2022 | 1.608 | 3.162 | - | 4.770 |
| Амортизација | 19 | 207 | - | 226 |
| Намалување | - | - | - | - |
| Салдо на 31.12.2022 | 1.628 | 3.368 | - | 4.996 |
| Нето сметкводствена на 31.12.2022 | 48 | 635 | - | 682 |

## 6. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (2023)

**во илјада денари**

| ОПИС | Градежни објекти | Опрема | Транспортни с-ва | Алат, погонски и канцелариски инвентар | Материјални с-ва во подготовак | Останати материјални средства | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Набавна на 01.01.2023 | 6.170 | 34.844 | 89.329 | 4.546 | 620 | 14.474 | 149.983 |
| Зголемување | - | 307 | - | 104 | 182 | - | 593 |
| Намалување | - | - | - | - | 441 | - | 441 |
| Набавна на 31.12.2023 | 6.170 | 35.152 | 89.329 | 4.650 | 391 | 14.474 | 150.166 |
| Исправка на 01.01.2023 | 3.281 | 25.894 | 55.348 | 3.003 | - | 8.528 | 96.057 |
| Амортизација | 344 | 4.421 | 7.967 | 371 | - | 1.590 | 54.493 |
| Намалување | - | - | - | - | - | - | - |
| Салдо на 31.12.2023 | 3.625 | 30.315 | 63.315 | 3.376 | - | 10.118 | 110.749 |
| Нето сметководствена на 31.12.2023 | 2.544 | 4.836 | 26.015 | 1.277 | 391 | 4.356 | 39.419 |

## МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (2022)

**во илјада денари**

| ОПИС | Градежни објекти | Опрема | Инвестиции во тек | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Набавна на 01.01.2022 | 6.170 | 134.343 | 974 | 14.474 |
| Зголемување | / | 5.192 | 4.838 | / |
| Намалување | / | 10.815 | 5.192 | / |
| Набавна на 31.12.2022 | 6.170 | 128.720 | 620 | 14.474 |
| Исправка на 01.01.2022 | 2.937 | 86.408 | / | 6.725 |
| Амортизација | 344 | 11.078 | / | 1.803 |
| Намалување | / | 10.815 | / | / |
| Салдо на 31.12.2022 | 3.281 | 86.671 | / | 8.528 |
| Нето сметководствена на 31.12.2022 | 2.888 | 42.049 | 620 | 5.946 |

## 7. ЗАЛИХИ

(во илјади денари)

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Залихи на суровини и материјали | 1.952 | 1.786 |
| Залиха на резервни делови ситен инвентар | 959 | 1.691 |
| | **2.911** | **3.477** |

## 8. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА

(во илјади денари)

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи во земјата | 11.786 | 9.789 |
| Побарувања за од државата за јавни давачки | 1.076 | 2.271 |
| Побарувања од вработени | 282 | 258 |
| Останати краткорочни побарувања | 230 | 373 |
| | **13.374** | **12.691** |

**9. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ**

(во илјади денари)

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Парични средства на трансакциски сметки | 50.190 | 18.910 |
| Благајна | 704 | 437 |
| Девизни сметки | 7 | 7 |
| Останати парични средства | 18 | 23 |
| | **50.919** | **19.377** |

**10. АВР**

(во илјади денари)

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Платени трошоци за идни периоди | 214 | 175 |
| Осигурување | 264 | 91 |
| Извршители | 441 | 445 |
| | **919** | **711** |

**11. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ**

(во илјади денари)

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачи во земјата | 6.030 | 7.454 |
| Обврски аванси депозити и кауции | 1 | 29 |
| Обврски за даноци и придонеси на плата | 16 | - |
| Обврски спрема вработени | 30 | 9 |
| Тековни даночни обврски | 3.902 | 3.381 |
| Останати краткорочни обврски | 49.571 | 37.432 |
| | **59.550** | **48.305** |

**12. ПВР**

(во илјади денари)

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Однапред пресметани трошоци | 281 | 452 |
| Пресметани приходи за идни периоди | 6.815 | 5.630 |
| Одложени приходи од државна помош | 4.431 | 5.903 |
| | **11.527** | **11.985** |

**13. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ**

(во илјади денари)

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Основна главнина | 153 | 153 |
| Резерви | 15 | 15 |
| Добивка за тековната година | 27.984 | / |
| Акумулирана добивка | 9.363 | 41.002 |
| Загуба за деловната година | - | (13.018) |
| | **37.515** | **28.152** |

## 14. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

| | (во илјади денари) | |
|---|---|---|
| | **2023** | **2022** |
| Приходи од продажаба во земјата | 255.562 | 214.974 |
| | **255.562** | **214.974** |

## 15. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

| | (во илјади денари) | |
|---|---|---|
| | **2023** | **2022** |
| Приходи од продажба на материјали, резервни делови и отпад | - | 6 |
| Приходи од наплата на отпишани побарувања | 118 | 114 |
| Приходи од премии, субвенции, донации | 1.523 | 6.726 |
| Останати приходи од работењето | 647 | 1.021 |
| | **2.288** | **7.867** |

## 16. ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И ДРУГИ МАТЕРИЈАЛИ

| | (во илјади денари) | |
|---|---|---|
| | **2023** | **2022** |
| Трошоци за суровини и материјали | 3.098 | 2.779 |
| Трошоци за енергија | 4.572 | 13.305 |
| Трошоци за гориво | 3.973 | 2.940 |
| Ситен инвентар, амбалажа, авто гуми | 1.530 | 3.942 |
| | **13.173** | **22.966** |

## 17. УСЛУГИ СО КАРАКТЕР НА МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

| | (во илјади денари) | |
|---|---|---|
| | **2023** | **2022** |
| Пошта телефон и интернет | 1.971 | 1.864 |
| Надворешни услуги | 383 | 86 |
| Одржување и заштита | 8.698 | 11.242 |
| Наемнини | 3.368 | 4.929 |
| Комунални услуги | 4.919 | 3.216 |
| Трошоци за реклама | 6 | 9 |
| Останати услуги | 39.642 | 32.112 |
| | **58.987** | **53.458** |

## 18. ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО

| (во илјади денари) | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Трошоци за надомести на членови на УО и НО | 1.867 | 1.867 |
| Донации | 30 | 23 |
| Репрезентација | 406 | 206 |
| Премии за осигурување | 471 | 460 |
| Банкарски услуги | 712 | 609 |
| Даноци кои не зависат од резултатот | 2.873 | 3.581 |
| Трошоци за користење права, освен наем | 261 | 138 |
| Останати нематеријални трошоци | 1.194 | 966 |
| | **7.814** | **7.850** |

## 19.ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

| (во илјади денари) | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Нето плати | 86.426 | 75.341 |
| Даноци и придонеси од плата | 50.583 | 44.376 |
| Останати трошоци на вработените | 17.456 | 17.987 |
| | **154.465** | **137.704** |
| Просечен број на вработени во годината | 262 | 264 |

## 20.ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА

| (во илјади денари) | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Амортизација | 12.489 | 13.451 |
| | **12.489** | **13.451** |

## 21.ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ (ОБЕЗВРЕДНУВАЊЕ)

| (во илјади денари) | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Обезвреднување на побарувања | 78 | 53 |
| | **78** | **53** |

## 22.ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

| (во илјади денари) | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Отпис на побарувања | 149 | 51 |
| Дополнително одобрени рабати и попусти | 106 | 131 |
| Останати расходи од работењето | 11 | 149 |
| | **266** | **331** |

## 23.ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ/РАСХОДИ

| **во илјади денари** | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Приходи од камати | 5 | 32 |
| Останати финансиски расходи | (26) | (78) |
| | **(21)** | **(46)** |

## 24.ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РАБОТЕЊЕТО ЗА ТЕКОВНАТА ГОДИНА

(во илјади денари)

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Загуба од редовното работење | - | (13.018) |
| Добивка од редовно работење | 10.557 | - |
| Данок од добивка | (1.195) | - |
| Нето загуба за деловната година | - | (13.018) |
| Нето добивка за деловната година | 9.362 | - |

## 25. НЕИЗВЕСНИ СРЕДСТВА / ОБВРСКИ

**а) Судски спорови**

Друштвото учествува во судски спорови и како тужен и како тужител.
Во улога на тужител, друштвото воглавно води спорови за наплата на дневни карти за паркирање.
Во улога на тужен друштвото се јавува во неколку спорови воглавно за претрпени штети во паркиралишта.
Друштвото нема направено резервации во финансиските извештаи во врска со судските спорови.

**б) Потенцијални обврски**

Не се утврдени неизвесни обврски кои што можат да влијаат на редовното работење на друштвото.

**в) Залог и хипотека на недвижности, постројки и опрема**

Не се утврдени залог и хипотека на недвижности постројки и опрема.

**Г) Банкарски гаранции**

Друштвото нема издадено банкарски гаранции.

## 26. ПОВРЗАНИ СТРАНИ

Друштвото нема трансакции со поврзани страни.

## 27. ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Објективното презентирање претставува верна презентација на ефектите од трансакциите, другите настани и состојби во согласност со дефинициите и критериумите за признавање на средства, обврски, приходи и расходи.

## 28. УСОГЛАСЕНОСТ СО СМЕТКОВОДСТВЕНИТЕ СТАНДАРДИ ПРИФАТЕНИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Друштвото финансиските извештаи ги има усогласено со: Законската регулатива во РМ и сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија и истите даваат експлицитна и целосна изјава за таквата усогласеност со белешките.

## 29. КОНТИНУИТЕТ

Кога ги подготвува финансиските извештаи, раководството прави проценка на способноста да обезбеди континуитет.
При оценката дали претпоставката за деловен континуитет е соодветна, раководството ги зема предвид сите достапни информации за иднината, најмалку, но не ограничувајќи се за дванаесет месеци од датумот на пријавување.
Друштвото нема намера ниту потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи обемот на своето работење.

## 30. КОНЗИСТЕНТНОСТ ВО ПРЕЗЕНТИРАЊЕТО

Друштвото ги задржува истиот начин на презентација и класификација на ставките во финансиските извештаи помеѓу периодите и постои конзистентност во презентираните финансиски извештаи за 2023 година и годишниот извештај за работа за 2023 година.

## 31. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

На годишната сметка и годишниот извештај за работењето на ЈП Градски Паркинг Скопје за 2023 година не е дадена согласност од страна на основачот - Град Скопје.

По 31 декември 2023 година - датумот на известувањето, до денот на одобрувањето на овие финансискі извештаи, нема настани кои би предизвикале корекција на финансиските извештаи, ниту пак настани кои се материјално значајни за објавување во овие финансиски извештаи.